**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,19 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Владо Бучковски, Игор Ивановски, Кенан Хасипи, Андреј Жерновски, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Лилјана Поповска, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Љубчо Георгиевски, Сафет Незири и Абдуљади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

72 пратеника се присутни во салата

Констатирам дека на седницата се присутнимнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Претресот по Амандманот на раздел 09002 програма Д, потпрограма Д-3 ставка 432 и на раздел 09001 Програма 1, потпрограма 10 ставка 483, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 26 гласале за, воздржано двајца, 38 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 Програма Д, подптограма Д-3 ставка 432 и на радел 09001 Програма 1 потпрограма 10, ставка 483, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов.

Отворам претрес по Амандманот на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 433 и на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20 ставки 464 и 483, поднесен од пратениците Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Роза Топузова-Каревска, Слободан Најдовски и Јован Манасиовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре

Сакам накратко да го образложам амандманот кој што го поднесе пратеничката група на ЛДП. Имено, овој амандман се однесува со кој што бараме пренамена на 130.000.000 денари и истите би биле наменети за исплата на платите на вработените во здравството, соголасно потпишаниот Колективен договор. Вам на сите ви е доволно познато на почетокот на оваа година беше потпишан Колективниот договор на вработените во здравството и согласно тој Колективен договор започна исплатата на платите на вработените во здравството, но со доаѓањето на оваа Влада престана исплатата на плати согласно тој Колективен договор.

Имено, за оваа цел, до крајот на годината се потребни 130.000.000 денари. За обезбедување на овие средства, ние од пратеничката група на ЛДП сметаме дека во предложениот ребаланс има, а тоа ќе го поткрепам со неколку аргументи.

Сметаме дека треба да се обезбедат овие средства од разни трансфери од Министерството за финансии, функции на државата и од ставката за купување на мебел, опрема, возила и машини.

Имено, неколку пати и во расправата потенциравме и ние од ЛДП и останати пратеници од опозицијата дека Владата многу брзо се откажа од својот став дека на нула ќе ги сведе трошоците за мебел, опрема и возила. Но, со самиот предлог на ребаланс се виде дека предлагаат зголемување на околу 650.000.000 денари, иако во Министерството велат дека се тоа до 500.000.000 денари, и овие денови слушаме најразлични образложенија дека овие финансиски средства предвидени со ребалансот се за други намени, така да, кога беше расправата, од страна министерот за финансии слушнавме дека од купување на мебел и опрема 25.000.000 денари, ќе биле за некои набавки во Министерството за одбрана, а министерот за финансии на Комисијата за економија, изнесе став дека тие 25.000.000 денари, ќе бидат покриени од ставката договорни услуги. Така да сега навистина, не ми е јасно, или пак се манипулира со бројките, или пак, ќе одиме и понатаму со задскривање на трошењето на државните пари.

Јас сум убеден дека доколку постои волја и во Министерството за финансии , во Владата и кај парламентарното мнозинство дека овој амандман треба да биде усвоен, имајќи предвид и тоа дека може да ни се случи, согласно Колективниот договор кој што е потпишан, вработените во здравството со право да го тужат Фондот или Владата за неисполнување на обврските од Колективниот договор, па потоа, ќе треба тие средства да се исплатат, покрај основниот долг, ќе треба да се плаќаат и камати. Уште повеќе што ние предлагаме овие средства да се трансферираат до Министерството за здравство, со оглед на тоа што и ние како пратеници сме

поднесувале амандмани, сме усвојувале програми, кои што треба да се извршуваат во здравствените установи, а кои што Фондот за здравство треба да ги плаќа.

Обврските се многу поголеми кои што треба Фондот за здравство да ги плаќа кон здравствените установи, така да од сопствените средства се одвојуваат за извршување на тие програми. Бидејќи програмите предвидуваат многу помалку средства од она што е потребно за извршување на одредени активности. Не гледам зошто министерот за финансии, така глатко и без образложение го одби овој амандман. Најверојатно, претпоставувам, не знам колку сум во право, сега во оваа година се билдаат одредени сметки во опрема, во мебел, во разни трансфери, за да се потрошат вишокот на приходи од оваа година, за истите тие набавки да не бидат потребни следната година кога се очекуваат помали приходи, заради даночните ослободувања, односно даночните намалувања за одредени ставки.

Јас уште еднаш убеден сум, ќе повторам, дека не претставува никаков проблем, наместо купување на мебел, опрема и возила да се одвојат дел од средствата и да се наменат во Министерството за здравство, со тоа што Министерството за здравство ќе си ги плати обврскиоте кон Фондот за здравство и Министсрството за здравство нема од своите средства да издвојуваз за извршување на одредени програми, а со тоа ќе се овозможи исполнување на Колективниот договор. Доколку Владата до крајот на годината успее да се предоговори со синдикатите на здравствените работници, тогаш од следната година можеме поинаку да разговараме. Но во овој момент обврските коишто произлегуваат од Колективниот договор со вработените во здравството не обврзуваат да ги обезбедиме овие средства.

Сметам дека иако Владата го одби овој амандман, колегите пратеници она што им го ветуваа на вработените во здравството за време на изборната кампања, сега ќе треба да го исполнат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за финансии господинот Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Господине претседателе,

Се јавив за збор само заради тоа, затоа што конфузијата што се создава околу бројките продолжува и понатаму.Ќе дадам две реченици објаснување. Предлогот на извори на средства за реализација на овој амандман како што предлагаат предлагачите, не може да се реализира од следната причина: Планираните средства што тие ги предлагаат кај позициите за намалување тоа се 464 разни трансфери и 483 купување на мебел, опрема ,возила и машини, во разделот Министерство за финансии, функции на државата се наменети за исплата на извршни судски решенија, тоа е прво и второ, за плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од странски донации. Во никој случај за оние намени за кои што претпоставува господинот Најдовски.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине министре, ние изгледа и понатаму не се разбираме и тоа можеби е нормално. Само ќе ви кажам, погледнете го извештајот на Комисијата за економија, таму сосема друго се зборуваше од ваша страна. Но во ред, и така да е како што велите, сепак, има доволно средства од ова што јас го предложив со овој амандман да се обезбедат за вработените во здравството за исполнување на обврските од Колективниот договор.

И накрајот, сигурно тогаш вие ја преземате обврската, доколку на суд вработените од здравството ги остварат своите побарувања од Фондот за здравство по однос на Колективниот договор. Само ќе ви напоменам. Еден голем број на здравствени установи во Република Македонија се често пати блокирани, токму заради тужби добиени од страна на вработени во здравствените установи со години station наназад. Вие неколку дена не убедувате дека таа не е добра ситуација, треба да се плаќаат судски извршувања. Мислам не е добро во поглед на влечењњето на пари од Буџетот. Инаку, тоа е судска одлука и нема тука порекнување. Таа мора да се изврши.

Сакам да ви укажам дека можете да ја доведете повторно во прашање состојбата во здравството со не прифаќањето на овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе, ќе се обидам да бидам краток.

Нормално, во првиот дел од дискусијата ми помогна многу министерот за финансии, бидејќи јас тоа планирав да го кажам.

Што се однесува до првиот дел од амандманот каде што предлага во раздел 09002, Министерството за финансии, функции на државата, во Програма 2, во потпрограмата 20 функции, во втората потколона од колоната расходи на основен буџет, во ставката 433, трансфери до Фондот за здравство, ЛДП предлага, односно пратениците Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Роза Тпузова-Каревска, Слободан Најдовски, Јован Манасиевски, предлагаат износот 25.000.000. да се замени со износот 155.000.000 денари, и го слушнавме образложеннето од претставник на предлагачите на амандманот. Меѓутоа, јавноста сакам да знае, бидејќи јавноста ги слуша излагањата, меѓутоа, го нема Предлог ребалансот на буџетот и треба да знаат и вработените во здравството и сите останати дека претходната Влада за буџетот за 2006 година во оваа ставка предвидела само 6.000.000 денари. Значи, повеќе од 4 пати помалку, одколку што сега со ребалансот предлага Владата преку Министерството за

финансии. Тоа беше мојата дискусија. Затоа јас ќе гласам против овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** За збор се јави госпоѓа Роза Тпоузова-Каровска.

**Роза Топузова-Каровска:** Благодарам претседателе, јас сум испровоцирана сум од последната дискусија, па затоа едно кратко појаснување. Значи, Владата на Република Македонија со самостојниот синдикат во месец мај потпиша договор според Колективниот договор со кој што платите на сите вработени во здравството се зголемуваат. Нормално, ако тоа е потпишано во месец мај, не би можело да биде предвидено во буџетот во 2006 година.

Токму поради тоа, се прави ребаланс на буџетот, за да може она што не е предвидено тогаш, а се наметнало како потреба со тој ребаланс да се корегира.

Освен тоа, морам да напоменам дека во изминатиот период имаме вишок на приходи, а што е најважно, мислам дека навистина, ќе биде голема штета доколку сите здравствени работници, а имам сознание дека Клиничкиот центар во Скопје и од многу медицински центри од внатрешноста имаат поднесено тужби со кои што бараат да им се исполни она што било тогаш потпишано. Не може да ни биде пракса една Влада кога ќе потпише некој договор, само со доаѓањето на другата Влада, од првиот ден тоа да го негира.

Сметам дека е добро министерот да го прифати овој амандман. Со оглед дека не го прифати, тогаш парламентарното мнозинство да даде поддршка на амандманот и министерот до бескрај не треба да ни објаснува дека има конфузија. Ние знаеме дека има конфузија во буџетот. Тоа е веќе многу очигледно. Токму поради тоа, тој го спомна зборот конфузија. Ние сакаме она што може да се поправи во овој момент да биде донекаде поправено.

Апелирам до колегите од парламентарното мнозинство, кои што само минатата година, цела година зборуваа дека здравството навистина се наоѓа во една очајна ситуација, дека здравствените работници не се платени онолку колку што треба да се платат, сега да дадат поддршка на овој амандман и со тоа, барем да сес исполнат обврските кои што се преземени со Договорот потпишан меѓу Владата и самостојниот синдикат на здравството. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика, Зоран Витанов три минути повелете.

**Зоран Витанов:** Сакам само да прашам дали беше реплика на моето излагање на госпоѓата.

**Љубиша Георгиевски:** Беше дискусија .

**Зоран Витанов:** Затоа имам реплика на дискусијата.

Токму заради тоа што сега го кажа госпоѓа Роза Топузова-Каровска, јас и благодарам што беше искрена. Јас сакам да укажам на демагогијата со која што се настапува кога се предлага овој амандман. Кој им сметаше на истите пратеници, кои што беа во претходниот состав, да не предвидат доволни суми, кога се носеше Буџетот за 2006 година за оваа ставка, па да мораат во мај под притисоци и под штрајкови да го направат тоа што го направија. А сега, кога се во опозиција нудат 20 и кусур пати поголеми средства за оваа ставка.

Мислам дека оваа е врвна демагогија и токму заради тоа добро е што самите тие си го кажаа и го признаа, дека кога го неселе Буџетот за 2006 година, не го предвиделе тоа што сега толку душогрижнички го предлагаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе, не се работи за никаква демагогија, ниту предвидување во Буџетот за 2006 година . Се работи за почитување на потпишан договор, почитуван колега. Имаме договор и треба да се исполнуваат обврските од договорот, а не според тоа која Влада ќе биде, па така да ги менува договорите.

Имено, во 2002 година, претходната Влада , значи онаа која што беше од 1998 до 2002 година ги зголеми платите во администрацијата. Ние ја презедовме таа обврска  и им беа исплатени платите така како што беше претходно договорено.

Затоа, овде не говориме за ништо друго, туку за она што се договорило во месец мај, меѓу здравствените работници, односно нивниот синдикат. Сметам дека тоа треба да се почитува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Има збор Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, драго ми е што се отвори дебата за состојбата на платите на здравствените работници, особено на докторите. Значи, во периодот од 1998 до 2002 година еднаш беа покачени платите на здравствените работници после 11 години мирување.

Искрена да бидам, бидејки сум доктор и сум лично засегната, тоа зголемување беше релативно минимално, но господинот Оровчанец како министер во тој период и господинот Владо Јаневски како директор на Клиничкиот центар, преземаа силна акција за да го вратат достоинството на луѓето, не материјално да им помогнат и успеаа во тоа. Три месеци пред изборите, актуелниот миниситер на СДСМ, господинот Владо Димов направи, а јас ќе го испочитувам, обид за покачување на платите на здравствените работници, но уште тогаш се зборуваше меѓу здравствените работници дека е тоа предизборен трик, затоа што претпоставувавме дека следната Влада не ќе може да го оствари тоа што тогашната Влада го прави наводно за да на некој начин им се одолжи на докторите, што се покажа како точно. Веднаш

по доаѓањето на новата Влада Фондот реагираше и не им беше исплатена новата плата односно онаа која ја земаа само два месеци од новата Влада.

Притоа, се случи уште една страшна хаварија, платите беа нелинеарно покачени, а сега новата Влада линеарно им ги намали платите, па определен број на здравствени работници во моментот земаат помала плата, од таа штоја земаа во време на СДСМ, а им ја даде претходната Влада на ДПМНЕ, затоа што се случи оваа хаварија.

Она штојас би сакала да го кажам е дека државата и Владата, без оглед која и да е сега, за жал, одговорноста и паѓа на оваа, треба да води малку повеќе сметка за здравствениот систем. Здравствениот систем е еден од носечките столбови во државата и до колку тој почне да се руши, се руши целата држава, затоа што преку неа се зафатени работоспособноста или економијата на државата, труд и социјала, а за правото воопшто да не зборувам и сите други сегменти во однос на државата.

Имам морална обврска да кажам дека една медицинска сестра која, на пример, работи на еден од најтешките одделни, тоа е онкологијата во Институтот за радиотерапија или за работи на хирургија, зема од 9 до 10 илјади денари плата. Додека докторите кои работат во Клиничкиот центар, а примаат болни од секаде од Македонија, затоа што на сите им е јасно дека во медицинските центри во Македонија заради лошата ситуација во здравствениот систем, пациентите се препраќаат во Клинички центар, па Клинички центар обавува сигурно, не можам со точност да кажам, оти не верував дека денес ќе се отвори ваква дискусија, меѓу 60 и 70% од здравството во Македонија. Значи тие луѓе, докторите со титули, асистенти, доценти и професори со 4 до 5 дежурства месечно земаат меѓу 28 до 30 илјади денари плата. Сега ве прашувам кој е мотивот на некој од тие луѓе кои и го прават тоа, да бидат присутни таму 24 часа, да бдеат над животот на пациентите и кој е пак мотивот на ова општество секогаш кога ќе се случува нешто во државата, било тоа инфлација, дестабилизација да почнува лов на вештерки и да се најде по некој доктор кој ќе биде обвинет за едно, второ или трето најчесто за земање на мито од 100 евра и со лисици на рацете докажано или недокажано да биде изнесен во полициското комбе од своето работно место, без оглед дали е тоа Клинички центар , Воена болница, Градска болница, Болницата во Битола, Болницата во Штип и тн.

Пари за здравствениот систем, почитувани колеги и почитувани министри, претставници на Владата, мора да се најдат. Здравствениот систем е во колапс. Без оглед дали ќе го понудите, новата Влада дали ќе го понуди на приватизација, на концесија, што не може целосно да се случи, затоа што мора да има државно здравство. Нема зема во светов во која не постои барем еден сегмент од здравството кој е државен. За добробит на пациентите, не зборувам само за платите на докторите, медицинските сестри, техничарите, болничарите, воопшто зборувам за целиот систем за добробит на пациентите, пари за барем земање на минимална плата на тие кои се грижат за нашите животи, треба да се обезбедат. Бидејќи претходната Влада не предвиде од каде ќе се добијат тие средства, а на оваа Влада и беше префрлено одговорноста да го исполнува она што претходната го потпишала, што сметам дека е исправно и дека треба да има континуитет во работењето, не само во здравствениот систем, туку и во сите други, како што на пример Законот за полиција беше преземен од претходната Влада, така сметам дека обврските што една Влада ги направила кон одредена групација на луѓе, следната Влада треба да си ги преземе.

Затоа, дали со овој амандман, ние лично ќе го подржиме, бидјеки станува збор за сериозна проблематика која мора да се реши или на некој друг начин во текот на расправата или до крај на седницата Владата ќе изнајде можности, не да ги награди, оти со таа плата, со тие пари докторите не се наградени за својот труд, туку да им обезбеди минимум на преживување. Зашто, таа плата не обезбедува ни минимум пристојно живеење, од едноставна причина што она тие го прават со својата доживотна едукација, што Европската унија го налага како едукација и развој на здравството и знаењето од областа на медицината. Потребите што ги има медицинскиот персонал во усовршувањето, потребите што ги има во стекнувањето на знаење и потребите кои ги има во давањето на медицинската услуга се различни од оние на некои други групации на граѓани, што значи дека овој минимум на плата што би го зеле со потпишувањето на договорот, би бил само обезбедување на минимум услови за живот. Недостоинствено плаќање на трудот, недостоинствено вреднување на трудот, невраќање на достоинството на оние кои работат во здравството, туку она што ние како Парламент и она што државата им е должна да им го понуди за она што го работат. Дај Боже да е нашата нација здрава и дај Боже никој да нема потреба од здравствена услуга, но луѓето стануваат свесни што значи здравствена услуга тогаш кога ќе ја побараат, ког алично им треба. Тогаш, почнува трката и хајка по секој доктор за кој има глас дека нешто малку вреди, па дури и за оние другите помладите кои не стекнале име и реноме, се бркаат врски, се бараат телефони, се викаат луѓето од Охрид да дојдат во Скопје, од Куманово да дојдат во Скопје, да помогнат, затоа што некој бил болен. На таква помош има право секој граѓанин на оваа држава, без оглед што работи, чиј роднина е, чиј пријател е, од каде доаѓа, дали од Охрид или од Куманово или од Битола или од Скопје, каде што треба да биде примен.

Затоа, сметам дека секој обид, па макар и демагошки да е, секој обид за подобрување на состојбата на здравствените работници треба

сериозно да се свати и сериозно да се разгледа. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Гештаковски Кире, повели.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

За збор се јавив испровоциран од говорот на мојот колега Витанов и само едно кратко појаснување сакам да кажам.

Финансиската конструкција за зголемвуање на платите на здравствените работници не беше ни демагогија, не беше ни некоја предизборна парада и додвотување кај граѓаните, туку преговорите со заинтересираната страна, пред се, мислам со Синдикатот за здравство, фармација и стоматологија се одвиваа долго време и напорно и на крајот кога се постигна договор, финансиската конструкција беше готова. Ќе ви објаснам како. Забуната е што навистина претходната Влада, нашата Влада со носењето на Буџетот за 2006 година, оваа стафка не ја имаше предвидено. Но, забораваме еден факт, дека колективниот договор се потпиша во мај, крајот на април, почетокот на мај. Совршено беше јасно дека средства ќе има и со ребалансот што планираше, секако ако ги добиевме изборите, следната наша Влада, ќе беа исплатени овие средства. Тоа е една работа.

Второ, дополнителни средства од околу 500 до 600 милиони денари ќе беа обезбедени од новата акција што беше направена во интерес на збогатување на здравствената каса од продажбата на секое пакло цигари по три денари. Значи, тука е забуната и донекаде господинот Витанов беше во право кога кажа дека во претходниот Буџет не беа пресметани овие средства, но беше совршено јасно како ќе се најдат. Колективниот договор е потпишан. Беа задоволни двете заинтересирани странки. Сега, што направи новата Влада? Новата Влада едноставно го налира новиот колективен договор, што не смееше никао да се случи. Бидејќи, со потпишување на нов колективен договор престанува да важи стариот колективен договор. Сега се исплатија платите за октомври, по стариот колективен договор што за мене е законски прекршок.

Од друга страна, ќе се пореметат сега и коефициентите меѓу различните групи на вработени во здравството по основ на образование и на титули. Мислам дека крајно време беше вработените во здравството да добијат зголемување на платите, бидејќи 10 до 15 години не се има тоа случено и затоа ќе го подржам овој амандман во интерес на тоа да ги имаме позадоволни колку толку здравствените работници и да пружаат поквалитетни здравствени услуги.

Ова го кажувам од причини што во собраниска процедура имам најава дека денес стигнале новите измени во законите за здравствена заштитаи здравствено осигурување, каде што дополнително се прават рестрикции во работењето на здравствените работници во делот на дополнителната работа, воведувањето на две смени, скратувањето на доста дежурства и т.н.

Затоа, апелирам до парламентарното мнозинство, до моите колеги пратеници од парламентарното мнозинство да го изгласаат овој амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Витанов Зоран има реплика од три минути.

**Зоран Витанов:** Јас му благодарам на господинот Гештаковски што сам кажа дека сум бил во право со тоа што сум кажал дека можеле таа ставка да ја зголемат кога го носеле Буџетот. Тоа е сосема јасно, бидејќи не реплицирам јас, туку самиот си кажа.

Меѓутоа, од друга страна сакам да потсетам дека тие не беа една година на валст, па згрешиле во2006 година во Буџетот. Четири години тие грешеа перманентно по однос на луѓето од здравството. Мораше да им се случи штрајк. Јас тогаш бев во интензивни контакти со луѓето штрајкувачи за да знам автентично што бараат, сега да не им ги спомнувам имињата, некои од тие и денес, вчера и завчера беа повторно активни и повторно со право, меѓутоа, тоа што го прави минситерот за финансии јас го ценам како максимална можна интервенција, бидејќи сепак се работи само за ребаланс. Во таков ребаланс минситерот за финансии направил напори и успеал и ние тоа веќе го подржавме да ги згоелми за четириипол пати средствата што вие сте ги предвиделе. За нормално функционирање во здравството, за кое што сега откога сте во опозиција ви текна, сепак, ќе се согласите со мене треба нов Буџет. Верувам, минситерот за финансии во 2007 година кога ќе го гласаме Буџетот, сам ќе си го предвиди. Со ребаланс вие да барате толкави енормни средства што вие самите не сте ги предвиделе, простете, но ценам дека е демагогија. Погледнете си ја стафката и ќе видите и сами дека сте предвиделе се на се 6 милиони, со ребаланс е максимум да се обезбедат 25 милиони. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута има господинот Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Јас бев јасен ние за Буџетот за 2006 година не предвидовме, но колективниот договор беше во мај, а после тоа имавме готова финансиска конструкција. Сега да кажам дека навистина бевме 4 години на власт. Но, заборавате во првите две години од нашето владеење каков финансиски хаос и хаварија наследивме. Сега сме во обратна ситуација. Со нашето работење оставивме 100 милиони евра на располагање, за да можете вие сега да ги распределите. Најдобро ќе биде ако го прифатите овој амандман и ги распределите онаму каде што најмногу се

потребни, а тоа е да се зголемат платите на здравствените работници. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Јакупи Зумрете. Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, ве поздравувам сите. Исто така и јас сум таа која го подржува амандманот предложен од пратениците како што се господинот Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Роза Топузова-Каревска, Слободан Најдовски и Јован Манасиевски. Со олгед на фактот дека мислам за да се поделат овие финансиски средства за исполнување, секако треба да се исполни колективниот договор кој е една обврска, наша обврска, затоа што треба да се обезбедат овие средства, значи да се реализира даденото ветување кое е потпишано во мај минатата година меѓу Владата и Синдикатот. Инаку, ќе имаме многу жалби од сите здравствени работници, така имам информации сега од Клиниката, бидејќи гледам едно расположение, лошо расположение во однос на оваа одлука, да не се исполни даденото ветување, затоа што со потпишаниот колективен договор ќе се исполнат и нивните барања кои се и веќе ветени.

Апелирам,пратениците, здравствените работници да се исплатат според нивната заслуга, бидејќи ова и мнозинството го вети во текот на нивната предизборна кампања, нагласувајки дека здравствените работници не се оценети како што треба и не се наградени според нивната заслуга. Бидејќи, тие имаат погоелми заслуги, овде би сакала да гонагласам фактот дека треба да имаме, да формулираме една стратегија за подобрувањето на нашиот здравствен систем кој е во колапс. Затоа што, со ова подобрување на стратегијата, подобрувањето на здравствениот систем со ова ќе бид еод полза на сите граѓани да се подобри општата здравствена сосотјба. Истовремено со ова Ќе се почитува и достоинството на здравствените работници.

Посебно сакам да ја нагласам и состојбата на статусот на медицинските сестри во здравствената установа, статусот на медицинските сестри кој не е оценет колку што тие го заслужуваат. Бидејќи, овде имаме разни потреби како во егзистенцијата на Комората на медицински сестри и други комори на стоматолози и фармацевти, зошто да нема и посебна комора за медицински сестри. Исто така со отворањето на факултетите сега со високото Медицинско училиште мислам дека сега се исполнуваат и одиме кон тоа професијата на медицинска сестра да биде одвоена услуга и оваа услуга на медицинска сестра да биде независна услуга. Несекогаш да има медицински сестри како помошници на лекарите и секогаш да се сметаат како здравствени работници од втор ранг.

Исто така, уште еднаш апелирам овие средства кои се ветени, секако да се реализираат, затоа што имаме можност и ние како пратеници и барам од сите да го подржат овој амандман, бидјеки е во полза на сите нас, а ова ќе биде и од полза на општото здравство во нашава зема. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе, се јавувам повторно за дискусија само да доразјасниме некои работи. Мислам дека никаде нема да не води тоа вие бевте, тие беа и слично, па ако гледаме кој од кои партии биле министри за здравство, ќе се види овде дека од сите партии што се сега во Парламентот, од сите партии некој бил некогаш минситер за здравство. Но, тоа нема да не води никаде. Јас само сакам накратко околу прашањето за обезбедени или необезбедени средства, тие што не биле предвидени во Буџетот.

И сега директно со овој амандман не се предвидени за таа намена, како што овде некои дискутанти не сакаат тоа да го разјаснуваат. Точно дека тогаш не биле предвидени, но точно е дека не беа предвидени вишокот на приходи. Само два аргумента. Не беше предвиден ни приходот во Буџетот од аптеките кое некаде околу 750 милиони денари, сега не ме држете за збор. Сега по објаснување на министерот, тие ќе бидат наменети за друга цел, што не е грев, можеби и исправно, да се покријат и одредени други трошоци. Но исто така, само ќе ви напоменам, од вишокот на приходи сега што се по основ на аптеките и од приходите кои се по основ на цигарите, инаку, јас бев против кога беа тие пет денари за цигарите и сега уште сум против. Но, само по тие два основи се еден. 1.130.000.000 денари досега остварени. Од тие средства сега ние предлагаме 130 милиони од кои месечно некаде пресметката е дека се потребни 30 и нешто милиони денари за тие четири месеци, да се обезбеди до крајот на годината обврски од колективниот договор. Некои од колегите рекоа тоа е облигаторно, тоа е обврска, тоа ќе мора да се плати. Зошто сега да се доведуваме во ситуација тогаш да го плаќаме врз основа на судски решенија и да го плаќаме со камати. Сметам дека од делот кој е за мебел опрема и возила и од разните трансфери, може да се одвојат овие 130 милиони што ги предлагаме со амандманот и да го надминеме тоа. Ако оваа Влада успее да се договори со Синдикатот дека ќе им исплати помали плати, тогаш тоа си е нивна работа. Од следната година нека оди, но ако се потпише нов колективен договор. Сега како што е потпишан колективниот договор, тие обврски ќе мора да се извршат, не заради тоа сега дали ние се залагаме за вработените во здравството, или не, туку заради обврската што ја има државата, која произлегува од колективниот договор, затоа што тој сега е на сила. Ако поинаку се договорите, тоа е сосема друга работа. Ова чисто само за појаснување. Убеден сум дека овие 130 милиони ги има во Буџетот и може да се пренаменат.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Тужат и треба да тужат и треба да си ги добијат парите и сите треба да тужат затоа што ова веќе е под секое достоинство. Значи во Парламентот во Република Македонија партиски се препукуваме дали луѓето треба да добијат срамна плата. За срамна плата зборуваме. Значи, не е проблем да се водат пред суд, не е проблем нивната одговорност со потписот што го ставаат, не е проблем тоа што спасуваат животи. Докторите не се господ. Некој во болницата и ќе умре затоа што е болен, некој ќе има и компликација, некој ќе има проблем. Но, да се поткусурува цел еден здравствен систем во државава е срамота. Пари мора да се најдат. Значи обврска на секоја Влада е. Воопшто не ме интересира мене како граѓанин дали Владата е на СДСМ, ЛДП и ДУИ или Владата е на ВРМО ДПМНЕ, ДПА и другите сите таму што се внатре. Тоа што мора да се направи мора да се направи.

Некаде во 1995 - 1996 година во Словенија штрајкуваше севкупниот здравствен систем, штракуваа 45 дена и државата тогаш најде пари од болничар до доктор да исплати. Знаете како најде пари. 45-от ден ги исполнија 100% сите услови што ги бараа. Со ваков однос ќе ја доведете и Македонија во ваква ситуација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете Манасиевски имате збор.

**Јован Манасиевски:** Јас само сакам уште еднаш да обрнам внимание на фактот дека со овој амандман се бараат средства за исполнување на законска обврска, затоа што Колективниот договор е еднаков на закон. Министерот за финансии како чувар на државната каса и со ребалансот мора да води сметка прво да бидат исполнети законските обврски. Што значи, ние не дискутираме сега дали треба тоа да се направи, дали е добро или е помалку добро, туку дискутираме за реализација на законска обврска затоа што тоа е Колективниот договор. Патот да се дојде до него е тежок, најчесто и во сите останати држави и во земјите на Европска унија, проследен и со штрајкови. Меѓутоа, кога ќе се потпише мора да се почитува. Всушност и сите останати колеги пратеници би ги потсетил дека и во Европското законодавство договорите што ќе се потпишаат, колективните договори, не само меѓу јавниот сектор и вработените, туку и меѓуприватниот сектор и вработените, веднаш по автоматизам стануваат дел од заедничкото европско законодавство. Така што, ние не можеме да го игнорираме тој факт. Единствениот начин ова да се анулира, или да не се почитува, како што тука се прдлага со овој ребаланс е повторно да се отворат преговори за колективниот договор и да се избоксуваат некои други параметри. Меѓутоа, вака како што е, ќе мора и во ребалансот да се предвидат овие средства и во буџетот за наредната година. При тоа сакам да му укажам и на министерот за финансии дека многу подобро е, бидејќи сега има вишок на приходи од околу шест милијарди, 100 милиони евра, од тие да се дадаат 130 милиони евра да се исполнат обврските сега кога буџетот е полн. До година, слушнавме вчера Владата ја конкретизира својата идеја за намалување на даноците, тоа е добра идеја, ја има мојата потполна поддршка, и тоа е одлична идеја. Меѓутоа, тоа значи дека до година во Буџетот ќе има помалку пари. Подобро е обврските да ги исплатите и да ги завршите од овогодишниот буџет. Инаку, до година и со реформите во судството, тоа нема да бидат спорови што ќе се влечат неколку години, туку врз основа на тужбите што се поднесени и што се најавуваат од здравствените работници, јас очекувам да имаме многу брза разврска, некаде во првата половина на идната година, што значи дека тие средства ќе го оптоварат Буџетот од наредната година. Од таму сметам дека рационална одлука и на Министерството и на Влдата би била сега да ги исполни обврските, отколку идната година во постегнат Буџет, со помалку приходи, тоа ќе биде многу потешко изводливо.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Благодарам.

Почитувани пратеници и од позицијата на претседател на Комисијата за здравство сакав да се придружам на аргументите кои се во прилог на гласањето на овој амандман и така како што беше речено и од претходните говорници, да се обидам јас да ги образложам аргументите зошто треба да се реализира една таква работа.

Кога се расправаат прашања од областа на здравството, со полна одговорност можам да кажам дека, за жал, ниту една Влада досега не може многу да се пофали со постигнатото што го има направено во правец на надминување на потешкотиите со кои се соочува оваа дејност, со која е поврзан еден многу чувствителен сегмент на секојдневието, значи со здравјето на човекот. Имало настојувања, имало и програми, имало и многу силни меѓународни препораки и тие се уште постојат. Меѓутоа, изгледа дека поради објективни причини, но сигурно и поради субјективни причини, за жал во оваа фаза на транзиција не се постигна нешто да ги надминеме со потребниот квалитет проблемите кои се поврзани со овој сектор, како што, за среќа преминавме преку многу аспекти на многу други сектори. Велам и поради објективни причини затоа што здравството е почувствителната област. Тука се работи за многу димензии, граѓани кои бараат внимание, кои имаат потреба од превентива и лекување, меѓутоа и граѓани вработени.Во секое општество тие остануваат за на крај. Ова е една објективна околност, меѓутоа мислам дека е време веќе еднаш сериозно да пристапиме кон овој проблем и да се обидеме на најефиктивен начин да ги реализираме здравствените политики во правец на консолидирање на оваа дејност и врз принципи

на квалитет и надлежност, во согласност со потребите на модерните трендови во здравството. Тоа значи на нашите граѓани да им понудиме една поквалитетна услуга и секако тоа да го консолидираме и од финансиски аспект, државата да преземе врз себе обврски кои произлегуваат од законите и да не ги оставаат болниците да бидат во недобра состојба, конфузна судбина во која ќе страдаат многу пациенти. Јас внимателно ги следам информациите кои зборуваат за ситуацијата во клиниките во Скопје. Тие вести се вознемирувачки. Јас сум информиран за изнаоѓање на решенија за надминување на истите.Меѓутоа би сакал персоналот и министерот да одат малку подлабоко, значи во другите градови во Македонија и да видат во каква состојба ни е денес здравството. Тоа е надвор од секаква достоинствена норма за елементарно третирање на секој човек. Не сакам да застанувам на овој сегмент повеќе, затоа што очекувам од одговорните авторитети во оваа област навистина да го видат здравството во целост во Македонија, како е и што треба да се направи за надминување на ситуацијата, се надевам, пристанувајќи веќе со неуспешните реторики и со ефектите од минатите политики. Здравството има потреба од трајно решение, а нема потреба од обвинување, затоа што виновниците се знаат, тие се во разни постапки за материјализација и во судски дистанци, меѓутоа тоа малку им помага на граѓаните. Граѓаните бараат решенија кои ќе им помогнат да ги надминат елементарните проблеми со кои се соочуваат.

Зошто јас сум за овој амандман?

Почитувани пратеници, јас сум за овој амандман затоа што вака сакам да му помогнам на здравството и сакам да му помогнеме пред се и на Фондот.

Кога се има предвид фактот дека е преземена една законска обврска преку колективниот договор, кога се потпиша тогаш кога се потпиша, во функција на исполнување на барањата и на Синдикатот во оваа област, и како таква неа ја обврзуваат и законски обврски за да може утре да и Фондот посебно да се соочи со средствата и платите, имајќи предвид дека здравството е организирано на ниво на фонд, а не со директни буџетски средства, значи ќе може да дојде во ситуација под притисок или под пресија на легитимни барања на оние кои биле странка при потпишувањето на колективниот договор, значи вработените и во неможност Министерството за здравство и Владата да се соочат со оваа пресија, во определен момент може и треба да биде подготвена да го спроведе колективниот договор. Доколку не, како што беше кажано од колегите, ќе може да стане дел од судските одлуки. Значи резултатот е сепак ист. Владата треба да ги плати овие средства на Фондот. Тогаш ние ќе имаме дубиоза, или пак причина за дополнителна дубиоза во Фондот за толку средства колку што предвидува самиот колективен договор. Според амандманот пресметани се 130 милиони и тие да бидат причина за дополнителни дубиози во Фондот. И таа цена, јас ви гарантирам, почитувани пратеници дека повторно ќе го плаќаат пациентите, затоа што проблемот во структурата на плаќање во Фондот не е во тоа што нема средства за алиментирање на услугите кои произлегуваат како потреба на граѓаните, туку структурата на плаќањето, исплаќајќи една структура на вработени и злоупотребите што се случиле таму. Меѓутоа, објективно и нивото на здравствените услуги што земајќи го предвид и напредокот на технологијата, меѓутоа, и долговечноста на човечкиот живот кога тие ги користат овие услуги, направило објективно да се зголемат барањата до Фондот и да биде дополнителна причина за дубиози. Значи, ние со тоа што не го гласаме овој амандман, сега да заштедимем во Буџетот, или пак да заштедиме во Буџетските резерви со 130 милиони или пак реалуцирање на тие средства во друга насока, утре ќе го доведеме Фондот во ситуација да биде принуден да ги исплати овие средства и ќе недостасуваат средствата кои се предвидени во делот на здравствени услуги, за плати, зошто не, меѓутоа посебно за лекарства. Значи да не дозволиме во овој момент, како што рече и колегата Манасиевски, кога има можност и средства да се антиципира некоја ситуација која е задолжителна за исплата на оваа сума која произлегува од колективниот договор, да не правиме нешто што во недостаток на средства, без овој амандман Фондот ќе биде принуден да ви исплати и тоа ќе биде причина за тоа што го кажав, на Фондот да му недостасуваат тие средства кои ќе бидат потребни да се исплатат платите со одлука на Влада или пак врз основа на судски одлуки и пациентите повторно да страдаат заради недостаток на овие средства што задолжително ќе треба да се дадат на вработените. Значи, да не го доведеме Фондот во такви дубиози, да не предизвикаме потешкотии и дополнителни проблеми што јасно е дека ќе дојдат врз една или друга основа.

Јас сум за тоа да се поддржи овој амандман затоа што на овој начин ќе го помогнеме, колку што е можно, во почетокот на консолидирање, Фондот како институција, бидејќи Фондот и така има многу проблеми и недостатоци, а тоа би бил уште едендополнителен удар.

Мислам дека политиќите кои се во тек и кои медиумите, сега за сега ги пласираат, што сака да ги спроведе Владата, мислам дека се доста радикални, може би непотребно радикални. Меѓутоа, јас сега за сега сакам да сугерирам, сепак здравствената политика не може да се раководи само како економска категорија, не може да се реализираат основните принципи на економијата на пазарот затоа што и ефектот на политиките, таму веќе не е само економски ефект, туку е малку повеќе од таа логика која се наметнува од економската логика. Значи ќе треба едно внимателно управување и на адаптирачките

механизми и компензирачки механизми за некои услуги кои би можеле да претрпат од овие политики кои според мене се раководени само од економските логики, без да се земе предвид другата, хуманата, здравствената димензија и другите области кои произлегуваат. Мислам дека треба да се размисли и за компензаторски политики за да не направиме потребните здравствени реформи и нивниот негативен ефект да паднат само врз товар на пациентите, на товар само на оние кои најмногу имаат потреба од оваа услуга. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Ристо Пенов.

**Ристо Пенов:** Благодарам претседателе.

Морам искрено да признам, мене ми смета начинот на кој се отфрла овој, но и претходно доставуваните амандмани од пратеничката група на ЛДП, со едноставно образложение дека тоа е демагогија, дека е хипокризија, или дека внесува некаква конфузија.

По повод овој амандман и по повод овој ребаланс сакам да кажам дека за мене, демагогија претставува да се има 100 милиони евра приходи што со ребалансот треба да се распоредуваат во одредени ставки, а да не се најдат 2 милиони евра за да се исплатат платите на вработените во еден многу значаен сектор за граѓаните на Република Македонија. Притоа, демагогија претставува фактот дека 20 милиони евра со овој ребаланс предвидуваме да се доделат на АД “Мепсо” преку купување мазут, со кој мазут “Мепсо” ќе произведе струја, ќе продаде, ќе наплати од граѓаните, ќе ги врати парите и ќе оствари профит. А плати за вработените во здравството да нема.

Уште подемагошки е образложението што министерот го даде дека 4 или 5 милиони евра од овие 20 милиони евра наменети за мазут нема да се потрошат за мазут, туку ќе се чуваат за резерва, ако затребаат па да се купи мазут, а имаме само 30 дена до исполнување на овој буџет, што укажува дека тие нема да се искористат и ќе одат во државните резерви, а немаме волја да ги исплатиме платите на докторите и медицинскиот персонал во здравствените установи.

Или, ако сакате, врвна демагогија е образложението дека од ставката мебел и опрема Владата во ребалансот предвидува да го плати ДДВ-то за странските вложувања што биле во некои институции во државава преку донации. Значи, државата да си наплати ДДВ самата, да го врати ДДВ-то, поврат на ДДВ како што беше кажано, а да не води сметка за платите на илјадници луѓе вработени во здравствениот сектор. Сакам да кажам, како што се и извршните решенија што доаѓаат со буџетот, обврска за што многу прашина се крева денеска во Владата, како што фактурите што ќе се плаќаат, што вели министерот дека се заостанати, се обврска на Владата и платите на вработените во здравството се обврска откако е склучен колективниот договор.

И, демагогија е тоа да не почитува, да не се исполнува само затоа што е донесен од друга Влада, односно дека друга, претходната влада го склучила тој колективен договор со здравствените работници.

Апелирам убаво да се размисли и овој амандман да се поддржи. Ќе реши многу работи во државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема веќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 13, воздржани нема, против 48 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 433 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 464 и 483 поднесен од пратениците Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Роза Топузова-Каревска, Слободан Најдовски и Јован Манасијевски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 21 ставка 464 и на раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Иванова Цветанка. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Навистина сакам да ги појаснам причините зошто го поднесов овој амандман и очекувам дека ќе предизвика исто така внимание кај пратениците како и претходниот амандман, затоа што сметам дека овој амандман што го поднесувам се однесува на една многу значајна област, а тоа се локалните јавни радиодифузни претпријатија.

Впрочем, овој амандман го поднесов на барање на 29 локални јавни радиодифузни претпријатија, со кои што барам или локалните 29 радиодифузни претпријатија бараат да се исправи грешката. Во што таа се состои?

Со овој амандман барам 7 милиони денари, што се наменети за локалните јавни радиодифузни претпријатија да бидам алоцирани од таа ставка што е наведена во амандманот, во ставката што треба да овозможи овие средства да бидат искористени од локалните јавни радиодифузни претпријатија. Имено, оние кои ја познаваат оваа материја, знаат дека не е нов момент и нова

расходна ставка на Буџетот, затоа што локалните јавни радиодифузни претпријатија, заради тоа што се финансираат според Законот од радиодифузната такса, во 1997 година или нешто подоцна, бидејќи овие средства од радиодифузната такса што се утврдени со стариот Закон и со новиот не можеа да обезбедат нормално функционирање на локалните јавни радиодифузни претпријатија, од страна на тогашната Агенција за информации на Република Македонија беше издејствувана ставка во Буџетот на Република Македонија за нивно субвенционирање. Така се работеше се до денеска.

За 2006 година локалните јавни радиодифузни претпријатија, со Буџетот или за 2006 година, беа предвидени 14 милиони денари. И овие средства, половината преку Агенцијата за информации беа доставени до корисниците. Меѓутоа со укинување на Агенцијата, практично, тоа што беше предвидено како средства за нормално функционирање на локалните јавни радиодифузни претпријатија сега во овој квартал не се предвидени, односно за 6-те месеци ги нема и не се предвидени.

Средствата се многу неопходни. Знаеме, според Законот за радиодифузна дејност овие локални јавни радиодифузни претпријатија треба да се трансформираат. Но, овие локални радиодифузни претпријатија работеле до сега и од јуни наваму направиле трошоци. Исто така, имаме законска обврска до крајниот рок, според Законот за радиодифузна дејност, што е дадена за нивна трансформација, да ги финансираме онака како што е предвидено со Законот и онака како што е предвидено со Буџетот.

За важноста на локалните медиуми и воопшто на медиумите, мислам дека не треба многу да се зборува, особено ако се има предвид дека ние веќе има децентрализирани општини каде што се случува јавен живот, не помалку важен и не помалку значаен за локалните средини, за единиците на локалната самоуправа, затоа што голем број од надлежностите веќе се дадени на локално ниво. Граѓаните на локално ниво имаат право да бидат информирани за сето она што значи јавен живот.

Затоа го давам ова образложение. Министерот не го прифати амандманот. Меѓутоа, ние пратениците одлучуваме дали овој амандман ќе го прифатиме или каква одлука, какво решение ќе донесеме.

Го образложувам широко овој амандман со надеж дека ќе допрам особено до пратениците што се од позиција на власта и кои што доаѓаат од средини каде што имаат свои локални медиуми. Гласајте за овој амандман за да не доведеме ситуација на локално ниво да предизвикаме тотален медиумски мрак.

Уште еднаш апелирам пратениците да го поддржат овој амандман, затоа што овие средства биле предвидени со Буџетот,овие средства треба да се изнајдат, затоа што локалните јавни радиодифузни претпријатија веќе направиле трошоци и обврски, а обврска е наша што сме ја превзеле со Законот и Буџетот да го обезбедиме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе.

Во врска со амандманот би сакал да кажам две работи.

Прво, дека навистина држи дел од образложението на колешката од потербата за сеуште функционирање на локалните радиостаници, меѓутоа вториот дел што би сакал да го потенцирам, дека на овој начин сепак овозможуваме дека тие радиостаници и локални што беа глас на јавноста во локалните средини мирно згаснаа, односно да згаснат без поголеми болки. А ќе згаснат заради Законот, бидејќи јас и колешката бевме во претходниот состав, само во различни улоги што го донесе парламентарното мнозинство во претходниот состав, а за што ние како пратеници од претходниот состав од тогашната опозиција бевме против и предлагавме амандмани, даваме образложенија и нудевме разно-разни други решенија за да се овозможи понатамошно егзистирање на овие локални радиостаници токму од тие причини. Во причините се согласуваме дека постојат локални средини каде што има приватни локални радиостаници, меѓутоа тие приватни локални радиостаници, освен што се сиромашни во програмската шема, не емитуваат ниту централни, ниту локални вести, ниту некоја посериозна информативна емисија, а овие локални радиостаници, постојните, какви-такви сепак беа некој информатор на локалното население.

Генерално, од тие причини и јас се придружувам во поддршката на овој амандман, сепак со едно образложение дека со тоа нема да го решиме статусот на локалните радиостаници. Да не ги лажеме луѓето дека можеби, ако се прифати амандманот од страна на Владата, дека ќе егзистираат уште некое време. На овој начин им овозможуваме еутаназија што претходната влада и претходното парламентарно мнозинство им го овозможи, една елегантна смрт на локалните радиостаници, со помалку болки да згаснат како локални радиостаници.

**Љубиша Георгиевски:** Имате реплика госпоѓо Иванова, повелете три минути.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Добро, уште еднаш да изразам задоволство што позицијата и опозицијата почнаа во нешто да се согласуваат. Или, благодарам господине Китаноски што ме поддржувате во првиот дел од моето излагање. Но, јас ќе ви предложам нешто.

Можеме да се согласиме и за вториот дел. Вие го имате мнозинството. Јас се надевам дека дел од сегашните пратеници од опозицијата ќе се стават во поддршка на вашиот предлог, поднесете предлог за измена и дополнување на тој дел на

Законот и не мора да вршиме еутаназија на локалните радиодифузни претпријатија. Можеме да ги оставиме во живот со наша поддршка. Значи, и за вториот дел можеме да изнајдеме решение. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам господине претседателе.

Сосема на кратко, барањето на локалните радиостаници за нивна поддршка и давање на средства од Буџетот на Република Македонија се до моментот додека да се направи нивната трансформација е оправдано и ценам дека сите пратеници треба да го поддржат амандманот за да може да се овозможи она што го планирале за периодот до трансформацијата, дека ќе им бидат доделени средства од страна на државата, да им биде исплатен тој дел. Понатаму, сите заедно да најдеме модел на кој начин да се помогне на локалните радиостанци да го премостат овој период на нивна трансформација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам службите претходно да достават број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник, гласале 59 пратеници, за гласале 58, воздржани нема, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 21 ставка 464 и на раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 поднесен од пратениците Цветанка Иванова и Весна Бендевска.

Отворам претрес по амандманот на раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3-Б ставка 488 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 464, 482 и 483 поднесен од пратениците Стојан Андов и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министре.

**Трајко Славески:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Лалчевска Ристана, повелете.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Колеги пратеници,

Ако водата значи живот, тогаш Свети Николе веќе неколку години нема живот, бидејќи Свети Николе веќе неколку години нема чиста вода за пиење. Повеќе од 4 години градот се снабдува со вода за пиење и тоа со една единствена цистерна.

Ако состојбата е ваква тешка и алармантна, тогаш ние и Владата треба да подразмислиме и конечно да се одобрат средства за изградба на нов водовод во Свети Николе. Овој амандман, заедно со колегата Андов бараме од различни ставки да се обезбеди само дел на сумата што е потребна за да се обезбеди градот Свети Николе со чиста вода за пиење.

Сакам да кажам дека сите анализи во последните 3-4 години покажуваат дека водата во водоводот Свети Николе е од 4-та и 5-та категорија и дека сите кои сме присутни овде, мислам дека многу добро знаеме што значи вода од 4-та и 5-та категорија. Не е ниту за техничка употреба, а комоли за пиење. Само дечињата во мали пластични шишиња си носат вода за пиење на училиште, бидејќи од водоводот што е таму не можат ниту рачињата да ги измијат, бидејќи постои голем ризик да го нарушат своето здравје. Не смета да го мијат ниту приборот за храна, да ја користат водата за приготвување на храна, бидејќи водата од 4-та и 5-та категорија, реков, не е веќе ниту за техничка помош.

Наназад три години, ние како Либерална партија поднесувавме ваков амандман и до минатата влада и сега до оваа Влада, барајќи средства да се реши проблемот во Свети Николе. Меѓутоа, не наидуваме на разбирање. Еве и сега со ребалансот е одбиен.

Се надевам дека Владата најсериозно ќе му пристапи на решавање на проблемот и веќе со Буџетот кој се планира за 2007 година ќе бидат обезбедени средства за изградба на водовод во Свети Николе и за расчистување на оваа агонија на жителите на Свети Николе која трае веќе 4-5 години. Навистина е жалосно во ова време да не можете да ја употребита водата ниту за пиење ниту за некое подготвување храна итн.

Исто така е жалосно што локалната самоуправа од Свети Николе веќе конкурирала за добивање средства од КАРДС програмата. Таквите средства и се одобрени во износ од 485 илјади евра, но за да можат тие средства да се повлечат од КАРДС програмата и да се употребат, неопходно е буџетска подршка. Тоа е еден од условите за да можат да се искористат овие средства. Доколку ние како Влада не обезбедиме буџетска подршка за изградба на водоводот, тогаш локалната самоуправа не ќе може да ги добие ни овие средства.

Затоа, потребно е да се даде - сега им се обраќам на колегите пратеници - подршка на овој амандман, за да ги обезбедиме овие средства кои јас ги барам во износ од 25 милиони денари, а тоа е само еден дел од средствата за да отпочне да се гради водоводот. Со тоа ќе овозможиме да се реализираат и средствата од КАРДС програмата, кои не се ни малку, не се запоставување, кои можат значително да ја завршат работата со

водоснабдување со чиста вода за пиење во градот Свети Николе.

При тоа да кажам дека локалната самоуправа целосно е подготвена и се завршени многу подготвителни дејства со средства од локалнат самоуправа, дури е донесен и далекувод за бунарите што треба да се отворат таму за вода за пиење. Тоа значи целата инфраструктура е подготвена и уште утре можат да почната со изградба и реализација на проектот на водоснабдување на Свети Николе, доколку бидат одобрени овие средства. Јас мислам дека конечно после неколку години е потребно да им се даде шанса на граѓаните од Свети Николе, и тие како и сите ние да користат чиста вода за пиење од водоводот.

Ги повикувам пратениците во име на сите жители на Свети Николе да го подржат овој амандман, средствата не се многу, Буџетот може да изнајде начин, Министерството за финансии може да изнајде начин да го покрие овој дел за отпочнување на работите и во рок од 60 до 80 дена можат да бидат реализирани сите барани средства, а во идниот Буџет да се предвиди остатокот кој е предвиден за довршување на проктот и конечно Свети Николе да добие вода за пиење, како и сите други градови во Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави пратеникот Јаготка Иванова. Повелете.

**Јаготка Иванова:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Поднесениот амандман од колегите Стојан Андов и Ристана Лалчевска, да се издвојат 25 милиони денари за изградба на нов водовод во Свети Николе е од суштинско значење за здрајвето на населението во Свети Николе.

Сите досегашни анализи на водата во Свети Николе, како и последната во месец септември оваа година покажуваат дека во Свети Николе водата е 100% здравствено неисправна. Таа не се препорачува ниту за техничка употреба. Имено, жителите на Свети Николе, меѓу кои и јас, повеќе од 4 години се соочуваме со еден основен и егзистенционален проблем, а тоа е забрана на водата за пиење и готвење. Како една од причините за ваквата состојба е секако браната “Мавровица” која уште од 1970 година го обезбедува градот со вода за пиење. Таа е од отворен тип, навреме не е заштитена и доаѓа до ненадејно натрупување на органиски материи во неа. Тие достигнуваат ниво од 30 до 40 милиграми на метар кубен. Познато е дека според светските норми максимална дозволеност на органски материи во водата е 8 милиграми на метар кубен. А во Свети Николе со употреба на целата техника, тоа количество не може да се спушти под 18 милиграми на метар кубен. Во доцните вечерни часови кога водата мирува, се таложат опасни органски материи наречени трихлорометани кои претставуваат потенцијална опасност за заболување од карцином. Како втора причина за ваквата состојба во Свети Николе е водоводната мрежа која е руинирана, постојано со дефекти и загуба на вода. Таа се состои од азбестни цевки постари од 50 години, а познато ни е дека во светот секаде се исфрла од употреба азбестот. Значи, тој е причинител за заболување од карцином.

Сите здравствени податоци укажуваат дека во Свети Николе нагло расте бројот на заболени од карцином. Според здравствената статистика, Свети Николе е на прво место по заболување од рак на дојката во државата. Знаеме дека генерелно решение за водоснабдување на Свети Николе е системот “Злетовица”. Но јас сметам дека уште 4-5 години се премногу за Свети Николе и населението да биде подложено на ризик од секакви заболувања.

Не верувам дека на Балканот постои друго населено место со 15 илјади жители кое се соочува со вакво основен животен проблем и затоа апелирам до Владата, во најблиска иднина, да изнајде можности и средства и Свети Николе да добие здравствено безбедна вода.

Затоа, јас ќе го подржам овој амандман, а ги повикувам и колегите да го направат истото.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:** Благодарам.

Претседателе, дами и другари,

Проблемот со водоснабдување со вода во Источна Макединија е голем проблем и тој е многу широк. Затоа се пристапи тој проблем да с решава преку акумулацијата која треба да се направи на Злетовска река. Проблемот во Свети Николе е навистина сложен и тежок. Не е полесен ни проблемот со водоснабдување на Штип, а посебно на општината Пробиштип. Со оваа акумулација е предвидено да се снабдува, покрај овие три општини, и општиата Кочани и Виница.

Според тоа, овие денови оваа Влада ќе потпише договор со Јапонската банка за изградба на акумулација на Злетовска река, каде покрај тоа што ќе се обезбеди вода за пиење, ќе се обезбеди и вода за наводнување. Било какво парцијално решение нема да ги даде очекуваните резултати. Во Свети Николе тоа се решаваше со таа позната акумулација, чија вода практично е неупотреблива.

Според тоа, таму треба да се пристапи кон изградба на мрежата, цевководите кои водат кон Пробиштип и да се забрза изградбата на Злетовица, за да се реши овој проблем што побрзо и за Пробиштип, и за Штип и за Свети Николе, а одредени проблеми на Кочанската општина, Виничката итн.

Според тоа, во овој правец треба да бидат вложени нашите напори и Владата да направи напори овој договор со Јапонаската банка да се

потпиште. Очекувам дека веќе идната недела тоа ќе се случи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Владимир Ѓорчев. Повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Само накратко би констатирал нешто што се однесува на водоснабдувањето во Источна Македонија и она што може да значи излезно решение, она што може да значи едноставно решавање на проблемот, затоа што тој проблем е присутен и тангира би рекол неколку стотици илјади македонски граѓани. За пробелмот со водоснабдување во Свети Николе, изразен повеќе години station наназад, едноставно треба да се има и политичка волја и сенс тој проблем да се реши, нормално, да се изнајдат средствата кои секогаш се проблематични.

Ваквиот амандман и ваквите иницијативи треба да се поддржат и едноставно добро да се изгласаат. Доколку ваквите иницијативи не можат во овој момент да бидат поддржани или не може да се обезбеди мнозинство, се надеваме дека Владата ќе го предвиди решавањето на тој проблем за наредната година и дека во Буџетот ќе се алоцираат повеќе средства.

Не би сакал тука да навестувам нереални работи и ветувања, а тоа е дека тој проблем може да се реши за еден, два или три месеци, но во текот на овој мандат сметам дека кај оваа Влада, кај овие министри и кај оваа гарнитура ќе има едноставно сенс да се реши ваквиот проблем. Тоа е дел од решавањето на целата композиција проблеми, поврзана и со општината Свети Николе и Пробиштип и Карбинци и Штип и она што своевремено беше општина Злетово. Сигурен сум дека со волјата на минстерот, со волјата на Владата и едноставно подготвеноста на оваа политичка гарнитура и навесувањата кои ги добиваме оттаму, како и позитивните одговори, дека ова ќе биде еден од приоритетите за 2007 година. Источна Македонија и водоснабдувањето во Источна Македонија заслужуваат поголемо внимание и јас ја поздравувам таквата волја на Владата.

Ќе се обидеме овој амандман да биде изгласан, но од друга страна охрабрени сме и ја охрабруваме Владата, односно го поздравуваме она што се однесува на нејзините планови за 2007 година во поглед на водоснабдувањето и на Свети Николе и на браната “Злетовица” која ќе биде еден од најголемите проекти во изминатите 30-на години во Источна Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска повторно. Повелете.

**Ристанка Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Би сакала нешто да кажам околу проектот “Злетовица”. Да, тоа е нависитна голем проект кој ќе го реши трајно водоснабдувањето на голем дел од Источниот дел на Македонија значи повеќе општини се опфатени. Тогаш кога се расправаше за проектот дававме подршка како партија и секогаш ја има подршката овој проект и даваме еден импулс за поголема динамика во работењето и завршувањето на овој проект. Меѓутоа, овој проект веројатно ќе трае уште 4 до 5 години најмалку, бидејќи е со поголеми размери и додека водата стигне до граѓаните. Меѓутоа, Свети Николе има алармантна состојба со водоснабдувањето и доколку дојде водата од Злетовица до Свети Николе, останува проблемот на руинираната инфраструктура во градот, значи на водоводот во градот и сеуште постојните азбестни цевки кои во многу го влошуваат користењето на водата. Доколку дојде водата од Злетовица, мрежата во Свети Николе останува и натаму како проблем. Затоа се потребни средства сега да се заврши тој проект, односно да се изгради мрежата во Свети Николе и да се исфрлат азбестните цевки, а кога ќе дојде водата од Злетовица секако ќе дотече поквалитетна вода. Меѓутоа, инфраструктурата мора да се реши сега. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 27, воздржан 1, против 32.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 36, ставка 488 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставки 464, 482 и 483, поднесен од пратениците Стојан Андов и Ристанка Лалчевска.

За време на гласањето во салата беше присутен 61 пратеник.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 13001,Програма 3, Потпрограма 3-д, ставка 488 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратениците Џеват Адеми, Рафис Алити, Ајше Селмани, Теута Арифи и Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

И во една друга прилика кажавме дека еден од приоритетите на Владата е снабдувањето на граѓаните со чиста вода за пиење, дури и лично го сметам како едно од основните човекови права. Овде станува збор само за техничко прашање. Со оглед на тоа што средствата што се предвидени, овие 75 милиони денари кои се бараат во овој амандман, не можат да се искористат во текот на оваа година, за кратко време, при разгледувањето на Буџетот за 2007 година и почитуваните пратеници подносители на овој амандман ќе имаат задоволство да видат дека овие 75

милиони денари ние ги имаме предвидено во Буџетот за 2007 година.

Значи, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Џеват Адеми. Повелете.

**Џеват Адеми:** Благодарам господине Георгиевски.

Со сето широко образложение на претставникот на Владата на оваа парламентарна седница господинот Славески, ќе ми дозволите ова прашање да го третирам на посебен начин. сакам да ве известам дека јас гласав и за амандманот кој што туку беше разгледан и не беше усвоен. Ова од причина што сметам дека граѓаните во Македонија без оглед во кој дел од Македонија живеат имаат право и заслужуваат да бидат снабдени со чиста вода за пиење, од едноставна причина што ова е животна потреба, елементарна потреба. Се раководев од овој мотив и понатаму со посебна одговорност како граѓанин на Тетово и како гласен претставник на поголем дел на граѓаните од Тетово, должен сум овде на оваа пленарна седница на која се разгледуваат амандмани на ребалансот на Буџетот за 2006 година да ве потсетам уште еднаш за потребата на граѓаните на Тетово од вода за пиење и потоа нашата општа обврска на тие граѓани да им понудиме и да им обезбедиме чиста вода за пиење, а не некој луксуз. Вистина е дека темата за водоводот во Тетово е третирана неколку пати, вистина е и тоа дека минатото на водоводот во Тетово можеби има повеќе од 10 години, но факт е дека се чека овој проект или оваа интервенција на повеќе од три парламентарни состави, но се уште ова нема разрешница.

Од ова страдаат сите граѓани од Тетово, страдаат моите сограѓани од Тетово. Како да не се спротивставам на претендирањето од страна на Владата, се говори за еден трансфер од два-три месеци, трансфер на средства дека тие средства локалната самоуправа во Тетово ќе ги има со Буџетот од 2007 година.

Кога сите ние како општество и како држава го заокруживме процесот на децентрализација и пренесување на надлежностите на локално ниво го имавме во предвид капацитетот и финансиската моќ на единиците на локалната самоуправа и од овие причини предвидовме форма на финансирање на финансиски инфузии од страна на централната власт оваа демократска вредност, европска цивилизирана вредност власта што поблиску до граѓаните да имаат поддршка и од самата Влада.

Во формулацијата - капитални дотации уште во процесот на децентрализацијата се предвидова вакви интервенции. Не случајно во Буџетот за 2006 година Владата на Република Македонија се задолжува со финансирање на еден дел од проектот на водоводот во Тетово чиј носител е веќе локалната самоуправа.

Посебно ќе го нагласам тоа дека носител на овој проект или на втората фаза од овој проект е локалната самоуправа. Фактот дека во прва фаза од овој проект имаше многу недоречености, нејаснотии, нерегуларности, имаше многу спорови и судски постапки. Не можам а да не го кажам тоа, бидејќи ова е побарано од мене на директен начин без двоумење на граѓаните од Тетово кои, по се изгледа, со зголемено внимание ја следат оваа расправа и ова не го доживуваат добро. Самиот факт дека во предложениот ребаланс од страна на Владата најголемата вредност на пари околу 63.500.000 денари се одземаат од овој проект што значи на водоводот и се пренесуваат на нејасен начин во раздели или ставки снабдување со мебел, опрема, возила, машини или одржување на хидромелиоративните системи што кај граѓаните произведува политичка димензија.

Зошто сега на крајот од годината сме имале голем недостаток во Буџетот на Република Македонија, не е битно од кои причини, како ќе се толкуваат и ќе се покријат, факт е дека од водоводот во Тетово делот кој го покрива Владата меѓу Министерството за транспорт и врски се одзедоа над 75% од средствата. Кога на ова ќе се додаде и фактот дека пред помалку од две недели, можеби десет дена претставници од Министерството за транспорт и врски, претставници од локалната самоуправа, претставници од новата фирма која ја изведува работата во однос на втората фаза земена на тендер кој го организираше локалната самоуправа во Тетово од направената ревизија на работите на терен констатирано е дека обемот на извршените работи е многу поголем отколку финансиската моќ на локалната самоуправа и многу поголем обем од делот на срествата кои Владата со ребалансот ги предвидела да ги додели за водоводот во Тетово. Обемот на работата е многу пати поголем од 11.500.000 денари колку има предвидено Владата со овој ребаланс да учествува во кофинансирање, ќе нагласам во кофинансирање на втората фаза на остварувањето на водоводот во Тетово. Се плашам дека вака како што почнале работите и реалноста со која ќе се соочи локалната самоуправа или локалните власти во Тетово водоводот во Тетово уште долго време нема да заврши и уште многу време граѓаните од Тетово ќе треба да чекаат утрински часови за да ги наполнат резервоарите со вода.

Не сакам овој проблем да го третирам од таканаречена политичка димензија и етничка димензија, ова го велам чисто од хумана димензија. Ценам дека и другите пратеници посебно пратениците од Тетово без разлика на етничка припадност, без разлика на партиска припадност треба да го подржат овој амандман, еве ќе бидам крајно толерантен доколку обемот на работите до крајот на декември 2006 година да не биде на ниво од 75.000.000 денари, граѓаните ова ќе го доживеат на целата полилтичка класа во Македонија не само на Владата, не само на овој

парламентарен состав, туку на сите политички субјекти. Посветеноста на сите овие субјекти како определба, како ориентација на крајот на краиштата, тоа за што постојано се ангажираме, излегуваме и ги бараме гласовите дека ќе бидеме во служба на сите граѓани, со овој пример Тетово ќе се убеди дека никој нема намера да го казни во однос на минатото, во однос на политичката ориентација, било за декларацијата затоа несакајќи за едно толку деликатно прашање како што е водата за пиење да ви го одземам вашето ценето време истовремено сакајќи на овој мој ангажман да му се приклучат и другите пратеници, во прв ред пратениците од Тетово.

Моето прво излагање ќе го завршам со ова обраќајќи му се на министерот Славески како и на парламентарното мнозинство да гласа за овој амандман. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Ајше Селмани, повелете.

**Ајше Селмани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, имајќи предвид дека тетовците со години на ред се соочуваат со проблемите на водоводот, имајќи предвид дека водата е нешто елементарно за еден чист вистински живот задолжително е да се прекине со редуцирањето на истата вода во Тетово, затоа што го отежнува животот на граѓаните во целост.

За спомнување е и болницата во Тетово која е со значителен број на оние што бараат здравствена помош и истата болница се соочува со истите проблеми за вода кога се знае дека за зачувувањето на хигиената во болниците водата е примарна.

Започнатиот проект наиде на пречки поради финансирањето. За забрзување на процесот на градба потребно е да се обезбедат финансиски средства од страна на Владата.

Сумата од 11.500.000 денари колку што е предвидена во ребалансот на овој буџет нема да биде доволна за завршување на предвидените работи. Затоа е задолжително оваа сума да се зголеми или да се овзоможи средства кои биле предвидени пред да се донесе Буџетот на Република Македонија во 2006 година. Конкретно да се обезбеди сумата од 75.000.000 денари.

Иако Владата не го прифати овој амандман се надевам дека нема да наиде на спротивставување или неподдршка и кај пратениците затоа што навистина сите заедно ќе придонесевме за подобар живот на нашите граѓани. Имајќи предвид дека средствата кои се бараат со овој амандман биле предвидени за водоводот во Тетово и не верувам дека ќе предизвика голем проблем во овој буџет доколку повторно се вратат средствата таму каде се реалоцирани. Навистина е значајно забрзувањето на овој проект. Како што знаеме Тетово е еден од најголемите градови во Македонија, неправедно е да се соочува со еден таков проблем. Кога имаме предвид дека Тетово е дел од држава како што е Република Македонија која претендира кон Европска Унија, затоа уште еденаш апелирам до колегите пратеници да го поддржат овој амандман. Ви благодарам за вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Теута Арифи, повелете.

**Теута Арифи:** Почитувани пратеници, жал ми е што Владата не го прифати овој предложен амандман затоа што мислам дека би било праведно во однос на граѓаните од Тетово и воопшто во однос на многу вредности за кои се ангажираме сите ние.

За да го аргументирам овој амандман ќе се задржам на последниот извештај кој минатата недела го објави УНДП по однос на стандардите и вредностите економските и политичките во кои живеат граѓаните на Република Македонија.

Еден од најкритичните елементи во однос на стандардите забележани во последниот извештај на УНДП е токму правото на снабдување со вода за пиење на граѓаните во разни места. За жал, градот Тетово кој е само на 40 километри западно од престолнината со години има проблем од оваа природа за кои мислиме дека не е праведно, мислиме дека граѓаните од овој град најмалку заслужуваат нешто вакво.

Ние како пратеници од ДУИ и ПДП во знак на солидарност ќе поддржиме и ќе продолжиме да поддржуваме амандмани посебно во однос на порастот на Буџетот за снабдување со вода за пиење за сите населби и локалитети, бидејќи ова е едно елементарно право на граѓаните без разлика на етничката припадност и без разлика на регионот.

Во оваа насока би сакала, правејќи една поделба од ваква природа, доаѓаме до заклучок дека целите се тајно политички инаку не можам да го коментирам или да најдам одржливи аргументи за оваа работа кога се одземаат срества освен проблемот што го имаше оваа Влада со реализирањето на проектот кој се нарече децентрализација.

Почитувани пратеници, децентрализацијата е една од клучните демократски вредности, една од основните европски ориентации кои создаваат не само стабилност во Република Македонија, туку дава простор да се надминат евентуалните чувства на дискриминација дека градовите кои имаат немакедонско население би биле осудени и дискриминирани од разни причини. Ние не сакаме ова да биде аргумент за нашиот амандман, но и покрај тоа, имајќи во предвид еден износ утврден порано и одземајќи го тој износ ние неможеме да најдеме други аргументи да кажеме дека Владата има право.

Од овие причини би сакала да апелирам уште еднаш овој износ да не се редуцира, туку да се поддржи како што е предложен со нашиот амандман.

Доколку оваа Влада има чувство за нешто слично, мислам дека ќе покаже политичка зрелост и ќе даде поголема гаранција на процесот на децентрализацијата, а и поголема гаранција за

економската кохезија и интер-етничката кохезија што е значајна вредност во однос на која треба да се ангажираме сите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, уште еднаш да појаснам дека оваа реалокација има единствено технички, а сега би додал и законски причини зошто се пренесува во 2007 година.

Прво, средствата, доколку би се усвоил овој амандман, нема да можат да се искористат затоа што е потребно да се распише тендер за користење на тие средства, а од сите почитувани пратеници особено оние од опозоцијата бевме предупредувани за законските процедури.

Второ, во моментот се укажала потреба да се изврши ревизија на извршувањето на овој проект, надлежните институции ја вршат ревизијата, ќе излезат со своите препораки најверојатно во најкус можен рок и работите околу изградбата на водоводот во Тетово со поддршка и на централната власт ќе продолжат на почетокот на идната година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Положани му дадов збор на министерот според редот, тука немаше грешка, повелете имате збор.

Реплика бара Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Не реплика, туку како предлагач појаснување. Јас сум предлагач на амандманот и имам право во секое време да барам збор. Барам збор.

Сакам да го дополнам господинот Славески дека тендерот за втората фаза на водоводот во Тетово од локалните авторитети односно од општина Тетово е отворен, имаше конкуренти, има фирма победник која веќе работи на терен. Треба да бидам коректен и да кажам пред вас дека не го знам прецизно обемот на завршените работи од втората фаза од фирмата победник на тендерот организиран од општина Тетово. Меѓутоа, од информациите што ги добив од надлежни луѓе, од фирмата реализатор на работите, извршител на работите, знам дека тие работи се повеќе отколку што е моќта на плаќање на општината и повеќе отколку е сумата односно износот на средствата кои Владата ги доделува за водоводот во Тетово со овој ребаланс.

Непотребно создаваме проблем затоа што фирмата извршител во овој случај излегува оштетена, затоа што нема да ги добие средставата за работата што ја извршила и ќе биде принудена на организаторот на работите на општина Тетово да го даде на суд, дури има гласини дека тоа е целта и намерата дискредитација на локалните авторитети во општина Тетово за нивна некоректност кон партнерите. Ценам дека со средствата кои Владата ги добива од водоводот во Тетово повее ќе направи штета отколку да покрие некоја празнина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Положани, повелете.

**Азис Положани:** Јас би сакал да го надополнам тоа што се кажа во функција на објаснување на практичната состојба, бидејќи е ова специфична работа која се нагласи, се говори за средства кои се доделуваат од Буџетот на државата и се трансферираат во локалната самоуправа која остварува еден тендер понатаму со други средства од локалната самоуправа и со тоа сака на Тетово да му обезбеди вода за пиење.

Стравот е во тоа дека отсуството на средства или намалувањето на средствата кои следат со ребалансот може да предизвика тоа што го кажа и господинот Адеми кога е отворен тендерот и кога се завршени работите и извршувачот на работите ја имал предвид шефрата која била предвидена со Буџетот. И врз овој факт ги има утврдено обемот на работите и цената на изведбата. Редуцирајќи ги со ребаланс овие средства на видлив начин може да се дојде до една состојба која предвидените средства и со тендерот извршени од страна на извршувачот на работите, може да ја донесе општината во неповолна состојба да плаќа казни, или да нема можност да одговори на барањата кои ги предвиделе во тендер врз основа на предвидувањата кои биле како ставка во ова место, за оваа цел во Буџетот, пред да биде ребалансот. Значи, јас би побарал од министерот да го има предвид ова. Значи ние не го спориме фактот, дури е нешто да се поздрави водоводот дека во Тетово ќе продолжи се додека се заврши. Ревизии сигурно ќе има и ќе се создадат редовни постапки за извршување на работите и тоа што ни треба на сите нас, посебно на граѓаните, овој проект да се заврши и да се обезбеди квалитетна вода во овој град со дополнителни жители, имајќи предвид дека таму имаме два универзитета, кои го зголемуваат обемот и на овој начин на корисниците на вода и тоа население бара елементарни услови за живот, а тоа е водата.

Во овој контекст, од министерот би побарал да го има предвид во усогласувањето на ставовите со локалната самоуправа да не се казни општината, поради овој нов момент што се јавува со ребалансот на Буџетот и да се обезбеди продолжувањето на овој проект. Инаку, би ги поддржал сите тие што фактички кажа и господинот Славески дека водата е елементарно правило на секој граѓанин и од тоа што ќе се прочита од Кемал Дервиш тоа е прашање на ниво на сите земји и ние многу тешко можеме да аргументираме, како Македонија со толку многу вода за пиење, со една сеуште еколошка средина, ние немаме вода за пиење за градовите, а да не зборувам и за селата. Затоа, во овој дух е неизбежливата потреба за остварување на правото за вода за пиење на сите граѓани, го поддржав и претходниот амандман кој беше за Свети Николе, иако тука имаме една надежна

состојба, бидејќи е во контекстот на дефинитивното решавање прек системот “Злетовица” и јас посакувам овој процес и постапка да се оствари што побрзо, бидејќи оваа Влада не почна како што презентира господинот Љубисав Иванов Ѕинго да се потпише еден договор, туку овој проект е подолго време и за жал, не успева брзо да се реализира. Тоа што ни треба сега е да се реализира и да се обезбеди вода и за тој дел во Тетово. Нема друга резервна варијанта, која би можела сега или подоцна да го надополни ова барање и потребата да се реши прашањето со вода преку системот е единствен начин и неизбежлив начин. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам. Јас исто така го поддржувам овој амандман што е предложен од господинот Џевад Адеми, Рафис Алити, Ајше Селмани, Теута Арифи и Аднан Јашари, токму поради причината што овој амандман е многу значаен, затоа што тука се бара нешто елементарно, многу значајно, од причина што тоа е значајно прашање за човештвото. Фактот што во Република Македонија имаат право граѓаните да се снабдат со вода за пиење како егзистенционална потреба на граѓаните. Тоа не е нешто што е луксуз. Затоа, претходниот амандман кој што беше во однос на ова барање сличен, меѓутоа, друг проект, сепак во однос на водоводот во источниот дел од Македонија, јас исто така гласав како пратеник за тој амандман, затоа што видов дека тоа е оправдано и поддржувајќи го тоа со образложение и овој амандман, затоа што тоа е егзистенционално прашање од човечки аспект. Треба да се поддржат овие амандмани, затоа што граѓаните имаат право и за ова ќе побарам поддршка од Владата, без разлика на вера, нација, партија или пак регион од кој што потекнува. Водоводот во Тетово, како и проектот “Злетовица” или каде и да е во Македонија треба да се поддржуваат ваквите проекти, поради елементарни и значајни причини, затоа што водата е егзистенционен елемент на човештвото. Така, од сите мои колеги барам да се поддржи овој амандман, затоа што сите сме свесни дека е значаен за сите луѓе во нашата Република. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратенк.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, гласале 59, за гласале 19, воздржан 1, против гласале 39.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 13001 Програма 3 потпрограма 3Д ставка 488 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Џевад Адеми, Рафис Алити, Ајше Селмани, Теута Арифи и Аднан Јашари.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 поднесен од пратениците  Ацо Киров и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседател. Овој амандман не се прифаќа. Ќе ми дозволите да дадам кратко образложение зошто не се прифаќа.

Прво, изворите на средства што се посочени овде, не обезбедуваат толкав обем на средства од некаде 340-350 милиони денари.

Второ, Владата со овој ребаланс направи огромни напори да обезбеди дополнителни средства во висина од некаде над 800 милиони денари прво за пополнување на испразнетите буџети на програмите за поддршка на земјоделското производство и второ, да одговори на обврската за правичност при исплатата на премии за тутун и оние земјоделски производители, тутунопроизводители на кои не им била исплатена, затоа што претходната Влада само селективно и тоа делумно одговорила на едно свое се испоставило нереално ветување за кое што не биле обезбедени средства во државниот Буџет.

Оттука, поцртувајќи дека овој е максимумот што може да се направи во овој момент и со голема волја поддршката на земјоделското производство, вклучително на тутунопроизводителите да продолжи во наредниот период, наскоро пратениците кога ќе го добијат Буџетот за 2007 година ќе видат дека однапред се планирани средства за оваа намена, а не како минатата година да се вети нешто, само делумно да се исполни, со тоа што ќе се испразнат сите други програми за земјоделското производство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Ацо Киров. Повелете.

**Ацо Киров:** Почитуван претседателе, почитуван министер Славески, почитувани колеги пратеници,

Овој амандман јас и колешката Цветанка Иванова го поднесовме со цел да издејствуваме средства до  30 денари по килограм тутун, затоа што, како што знаете, претходната Влада има одлука и договор со тутунопроизводителите, т.е. со луѓето кои произведуваат тутун да исплатат 30 денари. Зошто претходната Влада не исплати 30 денари? Како што знаете Буџетот беше веќе донесен за 2006 година, а сите случувања околу тутунот се случуваат после овој Буџет, некаде околу март месец. Затоа јас и колешката Цведтанка Иванова

бараме поддршка за овој амандман да го донесеме и да им обезбедиме на земјоделците 30 денари по колограм тутун.

Како што знаете, јас бев во изборна единица, некој ме познава, некој не, во Изборна единица број 4. Од Изборна единица број 4 имаме 20 пратеници и сите знаеме дека дел од кампањата и тогашната опозиција и позицијата ја водеа на грбот на тутунарите. Затоа бараме овој амандман да се поддржи, да им обезбедиме на овие луѓе по 30 денари, како што е договорено со претходната Влада. Јас како кандидат за пратеник во Изборна единица број 4, тоа е мое мислење, ние во Изборна единица број 4 ги изгубивме изборите точно од тутунарите, затоа што тоа што беше договорено со Владата, не го исполнивме. А не го исполнивме од оправдани причини, затоа што Буџетот беше донесен, затоа што еден дел према овие средства кои се сега обезбедени од Владата 125 милиони денари, претпоставувам, и така е, има околу 215-220 милиони денари обезбедено средства. Значи како одела продажбата на цигарите, така се обезбедувале средства и вкупно овие 220 милиони и овие 120 милиони, кои сега Владата ги обезбедува за тутунопроизводителите дава вкупно по 15 денари за еден килограм тутун. Затоа, јас и колешката Иванова бараме да се поддржи овој амандман и да им обезбедиме на луѓето што е договорено да им се исплати, затоа што тутунопроизводителите не ги интересира дали е ВМРО на власт, дали е СДСМ на власт, тие си го бараат тоа што е договорено. На крајот, ве повикувам да го поддржиме овој амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам почитуван господине претседателе, почитуван господине министер, навистина образложението на овој амандман е доста мало, но сметавме дека и не е потребно повеќе. Но почитуван господине министер, вашето образложение зошто го одбивате или не го прифаќате овој амандман, беше навистина популистички што не очекував. Велите дека од овие раздели нема средства, но битно е дека ние сме покренале иницијатива преку амандманот и доколку се има политичка волја може Владата до крајот на претресот да поднесе амандман, па ако ние пратениците сме згрешиле, сме го згрешиле разделот или изворот на средствата бил недоволен, ќе не поправи. Важно е да се има волја да се направи нешто. Но очигледно дека нема.

Кажавте дека селективно претходната Влада плаќала премија за тутунот. Не почитуван господине министер исплатено е по 15 денари и вие знаете зошто, заради несобраните средства, заради изворот на кој што сметаше претходната Влада дека ќе ги обезбеди овие средства, а не обезбедија.

Мислам дека не  треба, секоја влада е Влада на Република Македонија, секоја влада е Влада на граЃаните на Република Македонија и не треба да тргнуваме оваа Влада вети, не исполни, по ние сега немаме обврска. Па ако донела оваа Влада одлука, секоја Влада е континуитет на претходната Влада, како што и оваа ќе биде на некоја друга и мислам дека треба обврските кои што се превземени да ги исполнуваме, дотолку повеќе што, бидејќи јас сум пратеник, а бев и во претходниот состав и имав привилегија да ги слушам дискусиите на колегите пратеници, тогаш во опозиција од ВМРО-ДПМНЕ, при донесувањето на Законот за тутун, кога се дебатираше се бараше дури да биде утврдена законски премијата во износ и не 30 денари, туку многу повеќе и уште повеќе ако ви било ова предизборно ветување, да не иземеме и ние, но ние изгубивме, и ваше, каде што ветивте дека доколку дојдете на власт ќе ги исплатите и овие 15 денари неисплатени, или сите неисплатени, а превземени обврски спрема земјоделците. Сега јас од страв да не влезам во популизам, затоа што претходно критикував за популизам, дајте да се соземеме и навистина, на овие тутунопроизводители да им обезбедиме она што и ние како власт претходно, а сега како опозиција и вие сега како власт, а тогаш како опозиција сте го ветиле. Значи, заеднички сме го ветиле на граѓаните, тутунопроизводители на Република Македонија. Затоа барам пратениците, сите оние, а особено, во Изборна единица број 4 од каде што доаѓаат, затоа што таму се претежно тутунопроизводители, да го поддржат овој амандман. Поддржувајќи го не го поддржувате амандмано на пратениците од опозицијата Цветанка Иванова и Ацо Киров, туку практично го поддржувате она што сте ветиле, односно она што сме ветиле во предизборието за време на кампањата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Тале Герамитчиоски, повелете.

За реплика се јави Оливер Деркоски.

**Оливер Деркоски:** Благодарам претседателе. Јас сакам само накратко да и реплицирам на почитуваната колешка Цветанка Иванова, затоа што во насока на поддршка на амандманот кој што е предложен од нејзина страна со колегата Ацо Киров, образложи некои работи кои што мислам дека не држат место.

Секоја сериозна влада во секоја држава, финансиските средства кои што ги предвидува во рамките на Буџетот на една држава треба да ги предвидува врз основа на реални показатели, односно параметри, односно треба да планира дали може тоа да го оствари. Во политички кампањи, во парламентарни избори, или било каков тип на избори, се ветуваата многу работи, меѓутоа тие работи што се ветуваат треба да држат место, односно да имаат реална подлога.

Во овој случај, претходниот премиер на Владата на Република Македонија  им вети на тутунопроизводителите по 30 денари за килограм тутун премија, која што реално од согледувањата што се направени во рамките на Буџетот на Република Македонија, не може да се оствари.

Исто така, точно е дека имаше селективен пристап при исплатата на 15 денари од премијата, затоа што голем дел од тутунопроизводители не ги добија ни тие 15 денари и сега со ребалансот на овој Буџет дел од средствата се издвоени, точно да се покријат барем тие останати 15 денари што треба да ги добијат тутунопроизводителите на подрачјето на Изборната единица 4 како што вели госпоѓата Иванова.

Сметам дека не е сега време да се води популистичка политика, како што милува да каже госпоѓата Иванова, туку треба да се преземат реални мерки и чекори, за да може да се среди состојбата во тутунопроизводството.

Од тие причини сакам да кажам дека Владата на Република Македонија, се надевам, и со буџетот во идната година, за кој што се најавени поголеми средства во областа на земјоделството, ќе почне да го решава овој проблем на реален начин и ќе се обезбедуваат реални средства за помош на земјоделците, односно во овој случај на тутунопроизводителите.

Исто така, сакам да напоменам дека она што беше предвидено со Законот за тутун односно издвојувањето на трите денари по кутија продадени цигари во државата, во прометот многу слабо се собираа средствата, затоа што веднаш по донесувањето на законот до понатамошното негово спроведување расцути шверцот на цигари, кој што благодарение и на минатата Влада не беше доволно спречуван и се собраа многу мали средства за да може да им се помогне на овие тутунопроизводители.

Апелирам овој проблем да се решава на реален начин со реални средства.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Иванова Цветанка контра реплика една минута.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Бидејќи имам само една минута, морам вака поконкретно да одговорам на репликата.

Прво, ова ми е петта година како пратеник и најмалку сум сакала да се занимавам со популизам. Јас се занимавам со реални работи за решавање на проблемите на граѓаните од каде што сум избрана. Ви благодарам на репликата, затоа што ми овозможивте да ви поставам едно прашање. Во вашата реплика беше содржано следното. Ќе ве цитирам:

“Секоја сериозна влада ги предвидува финансиските средства според можностите”. Кога сте биле навистина искрени, во предизборната кампања кога ветувавте и едно евро премија или сега кога ги планирате средствата?

**Љубиша Георгиевски:** Дамески Панче реплика три минути. Повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министре.

Да се поднесе еден ваков амандман е доказ за елементарно непознавање на некои работи. Да не ја доведуваме македонската јавност во заблуда, особено не земјоделците да кажеме дека со Буџетот за 2006 година субвенциите беа одредени на 400 милиони денари. Со ребалансот овие субвенци ние ги зголемуваме на 800 милиони денари. Значи, имаме двојно зголемување на субвенциите во земјоделството. А, од друга страна ветувањето, предизборното ветување за пола евро 30 денари на тутунопроизводителите, ако ги знаете малку податоците, колку е тутунопроизводството во Македонија, би изнесувале некаде околу 600 милиони денари. Значи, тие предвидуваа 400 милиони денари директни субвенции, а само за тутунопроизводителите ветуваа дека ќе исплатат 600 милиони денари. Каде се субвенциите за останатите земјоделски производители, за производителите на житни култури и сточарите. Со законот за тутун, тие исто така, имаа нереални очекувања и нереални предвидувања од нивните 400 милиони денари што очекуваа дека ќе се соберат, досега се собрани некаде околу 180 милиони денари, што беше уште една причина да се оди само со исплаќање на оние кои немаат добиено ни 15 денари. Затоа, треба да се познаваат работите, а госпоѓата Иванова зборува дека не е за популизам, а ова е максимален популизам што се прави од нивна страна, бидејќи се доведува во заблуда дека оваа Влада не сака да им помогне на земјоделците, а фактот, го кажав и на почетокот дека ние директната помош, директните субвенции ги зголемивме од нивните предвидени 400 милиони денари, на 800 милиони денари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Иванова Цветанка контра реплика.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, за непознавање на работите, навистина и не мора да познавам толку економија и буџети затоа што сум правник. Но, ќе побарам од некој да ми помогне. Многу добро ја знам маката на тутунопроизводителите, затоа што потекнувам од истото место од каде што сте и вие. Многу добро знаат вашите колеги кои што се од претходниот состав дека и тогаш сум се залагала за истото за кое што и сега се залагам. Зборувате за субвенции, за други земјоделски производи, а јас барам за конкретен производ, за тутунот субвенции. Тоа што го ветувавме и вие и ние, а сега сте вие на власт и сега вие сте должни пред граѓаните да го остварите тоа. Доколку бевме ние, тогаш ќе видевме што ќе правиме.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Герамитчиоски Тале.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници.

Можеме бескрајно да се препукуваме и да отвораме дебата за тоа дали станува збор за популизам или не, но факт е дека станува збор за помош односно субвенционирање на трудот на маката на една огромна група, огромна бројка на граѓани на оваа држава сконцентрирани во еден

регион. Најголемиот процент од нив, основниот извор на егзистенција им претставува преработката на тутунот.

Сега, овде се поставува прашањето, значи можеме да оперираме со бројки, да докажуваме на овој или на оној начин, факт е дека нешто се започна, не се дозаврши. Преку овој амандман повикавме можност да се дозаврши таа работа барем почетно, но очигледно е дека нема да има добра волја.

Јас сакам да ја искористам оваа дебата и да кажам дека во еден момент во Република Македонија потребно е да се постигне еден политички консензус за затворање на ова прашање. Неколку години наназад во истиот овој временски период, пред да започне сезоната за откупот на тутунот се јавуваат истите проблеми, заради низа натрупани проблеми во минатото, заради слабото функционирање на Тутунскиот комбинат, заради нерешените проблеми и сега ситуацијата воопшто не е подобрена. Состојбата во Тутунскиот комбинат во Прилеп е неизвесна, нема раководство, така што тутунопроизводителите повторно се појавуваат пред истото прашање, односно истата дилема како и минатите години дали навреме ќе почне откупот на тутунот и дали ќе им се исплати трудот. Тие се чувствуваат излажани и од нас и од вас, и од позиција и од опозиција. Затоа, еднаш треба да се стави крај на тоа. Треба да постигнеме едно политичко единство, политички консензус за доброто на тие луѓе, а не кој повеќе или помалку придонел за таа состојба или придонел за разрешување на таа состојба. Евидентно е дека треба сите да се потрудиме таа состојба да се разреши.  Ова и во општиот претрес по ребалансот на Буџетот го потенцирав до почитуваниот министер. Сметам дека ако постои добра волја за ребалансирање на средствата во делот на социјалната помош на населението, оваа популација која што макотрпно го заработува својот леб, се поставува пред две дилеми. Или ќе им биде платен соодветно трудот преку стимулација на таа гранка или ќе бидат корисници на социјална помош. Е, сега треба да пресметаме како држава што ни е поисплатливо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Димеска Катерина реплика.

Повелете имате три минути.

**Катерина Димеска:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

На почитуваниот колега сакам да му реплицирам во една насока. Добро е што изрази волја за еден политички консензус за решавање на прашањата, посебно на најгорливата категорија на граѓани, на земјоделците. Меѓутоа, реплицирам во насока дека досега воопшто немаше ниту политички консензус, ниту имаше разбирање за оваа категорија на граѓани. Ние сме сведоци за една сегашна состојба каде што актуелната Влада презема конкретни мерки во насока на подобрување на состојбите во земјоделството. Ние знаеме дека се направи намалување на данокот од 18 на 5%. Исто така и со точката на дневен ред која што ја имаме пред нас за ребалансот на Буџетот, гледаме дека Владата во ставката на земјоделство, каде што е и предвидениот амандман, предвидува покачување на предвидените средства кои што претходно биле проектирани, меѓутоа, колегите поднесуваат амандмани, како што и претходно беше кажано и бараат да се реализира нешто што е невозможно. Ние сме сведооци со предвидениот ребаланс дека актуелната Влада прави максимални напори за се она што било ветено, предвидено а не остварено да се затвори со ребалансот на Буџетот. Во таа насока потенцирам и јас, да бидеме конкретни и реални, пред се, во она што се бара со предвидените амандмани, во она што бараме и од Владата. Сакам да кажам и една друга работа. Колегата кажа дека или ќе направиме земјоделците да бидат корисници на социјална помош или да им се плати трудот.

Почитуван колега, се што досега предвиде Владата во насока на подобрување и конкретни мерки кои што ги презема за земјоделството е во насока тие луѓе да се занимаваат. А, една од работите, ќе ви потенцирам, е точно и земјиштето кое што треба да се даде на оние кои што ќе го користат и кои ќе располагаат и што ќе се занимаваат со земјоделство, а не да го имаат на располагање оние кои што заради незнам заради какви причини си го приграбиле или некој им го доделил. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплиак Тале Герамитчиоски, една минута, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Навистина, не ми е јасно каде ми реплицираше, можеше да се јави за збор и да го каже ова како нејзино мислење. Не знам во кои делови не се сложува со моите констатации, но не е битно. Битно е дали е можно или не е можно вакво издвојување. Можно е, се е можно, бидејќи беше можно во последен момент да добиеме амандман од Владата за издвојување во висина од милијарда и 200 милиони за купување на мазут за ТЕЦ Неготино, а не е можно во висина од 340 милиони за тутунот. Се е можно, доколку се сака.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, не мислев да се јавам сега за збор, со оглед на тоа дека пратеничката група на ЛДП има поднесено амандман кој што исто така се однесува околу исплатата на премијата односно субвенциите на тутунопроизводителите. Но, со оглед на тоа дека и самиот министер даде една сосема поинаква конотација на расправата, а и од многу колеги од парламентарното мнозинство, се сакаше да се докаже дека се работи за демагогија, за едно што се говори кога си на власт, а друго во опозиција, јас би сакала малку да се задржам на генезата околу тоа како дојде

тутунопроизводителите да ја добијат оваа субвенција. Имено, на 7 февруари 2006 година после протестите и блокадите кои што ги имавме на патиштата во Република Македонија, група пратеници од тогашниот состав, без разлика дали се на парламентарното мнозинство, тогаш или опозицијата, поднесоа една Информација до Собранието, по која Информација ова Собрание требаше да расправа. Ќе ги споменам, тоа беше колегата Благоја Гешоски, јас, Жарко Караџоски, Коста Прешоски и Блаже Стојаноски, сите од Прилеп или Коста Прешоски од Крушево, но сите од тој регион. Во таа Информација, сега да не го злоупотребувам времето, меѓу другото, беше кажано: “Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ги разгледа можностите за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија утврдени во ресорот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ставка за поттикнување на земјоелството и средства од зголемената акциза на цигарите и да изготви програма со која што овие средства ќе ги распредели на тутунопроизводителите во вид на премии за откупениот тутун од реколтата 2005”. Значи, говорам за месец февруари, а не зборувам за декември 2005 година, па за да можело да се предвидат со Буџетот, нешто што ни се случуваше на почетокот на 2006 година. Веднаш после ова уследи да се донесе законот за тутун, а предвидените средства од акцизата, оние три денари не се предвидуваат со Законот за тутун, како што овде беше кажано, туку напротив со Законот за здравствена заштита. Да не ги мешаме тие два поими. Кога ние сме се залагале за ова, во исто време од пратеничката група на ДПМНЕ во чие што име тогаш говорел господинот Илија Србиновски, изнесоа малку поинакви заклучоци и тоа, првото нема да ви го читам, затоа што се однесува на инспекторите. Како што реков, да не го злоупотребувам времето, меѓутоа, второ, ниското ниво на откупната цена што не обезбедува покривање на трошоците, наметнува потреба Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбеди премија за килограм откупен тутун од 30 денари. Ова се барањата на ДПМНЕ, средства за таа намена да се обезб едат од Буџетот за 2006 година, имајќи предвид со ребалансот дека зголемената акциза од 9 денари по кутиј цигари обезбедува финансиски ресурси од 1,8 милијарди денари.

Четврто, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбеди регрес за нафта за потребите на земјоделското производство од 10 денари по еден литар нафта за потребните 33 литри нафта од еден хектар обработлива земјоделска површина. Ова беше што се расправаше на парламентарната дебата. Овде ги кажав и нашите ставови, значи ставовите на пратениците кои што ја имаме поднесно оваа Информација и ставовите на пратениците од ДПМНЕ. Потоа уследија разговори со премиерот и јас присуствував на тие разговори со тутунопроизводителите, како што присуствував и на местото на блокадите и тогаш тие го бараа истото и се согласија покрај другите работи окоу инспекци, откуп и тн., класификација на тутун, сега да не се задржувам, да им биде обезбедена премија од 30 денари. Тогаш, беше договорено дека премијата ќе се исплаќа онака како што ќе се собираат средствата, значи од акцизата, а не дека ќе им биде исплатено во тој момент. Ова се случуваше во февруари, не се работи за предизборна кампања, а сепак подоцна од она време кога беше носен Буџетот, мислам дека е добро ова да се знае, а за она другото што треба да го кажам во насока за тутунопроизводителите, тоа ќе го говорам по мојот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Молам, кога се адресираат партиите, абревијациите да бидат прецизно изговорени, да не се кратат, затоа што плеонастички е да се крати е кратенка. Нелогично е и може да дојде до извесни забуни.

Збор има господинот Најдовски Слободан. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Ние, како што кажа госпоѓа Топузова Каревска, исто така, имаме поднесено еден амандман само со различни цифри и од различни места да се обезбедат средства за плаќањето на премијата по 30 денари. Но, ќе ја искористам оваа прилика да укажам, со оглед на тоа што сметам дека после три, претседателе, тешко ќе обезбедите кворум, гледајќи сега колку ги има, така што не верувам дека ќе има расправа, па затоа на фудбал одете си уште од 3, за да можат да одат и другите. Еве и јас меѓу нив, да не испадне дека се изземам. Гледајќи, господине претседателе, и од позиција и од опозиција, колку ги има пратениците, од некое искуство ова ви го кажувам.

Сакам да кажам неколку моменти во врска со овој амандман, а тоа го зборував и на Комисија за земјоделство.

Прво, да ја избришеме од памет мислата дека Владата од Буџетот обезбедила 350 милиони, отколку 330 милиони денари за премија по 15 денари на тутунопроизводителите. Велам да ја избришеме затоа што не е точха. Не е точна заради тоа што со Законот за тутун донесен на крајот на март, примената некаде од април се почна, премијата се обезбедува од продадени цигари од една кутија три денари, која што е наменета за премии на тутунот. Така што, Владата од останатите приходи, што значи беше наметната нова давачка за граѓаните од Република Македонија, оние кои што купуваат цигари.

Точно е дека тие средства сега ќе недостасуваат

Значи беше наметната нова давачка која не беше предвидена со Буџетот за 2006 година. Од тие средства се обезбедува премијата. Точно е дека тие средства сега ќе недостасуваат за до 320 или 330.000.000, колку е предвидено за премија за

тутунот. Но, точно е дека некаде околу 70% ќе бидат обезбедени од тие средства.

Господинот Дамевски знае, на Комисијата за земјоделие кажуваше дека се 60.000.000. Јас тогаш кажував дека се многу повеќе . Така што сега се изнесува бројката 180.000.000 денари, но имајќи ја предвид динамиката, сите години наназад, од 1998 година наваму продажбата на цигарите во октомври, ноември и декември месец, така што некаде околу 250.000.000 денари ќе се обезбедат од таа сума.

Втора работа е , некои од колегите сакаат да го потенцираат тоа дека средства не се обезбедуваат заради шверцот со цигарите. Точно е, во Македонија има шверц на цигари, имало и ќе има. Шверц на цигари има во сите развиени земји, само е прашањето, јас не знам колку ви е смешно, но тоа е точно, прашањето е колкаво е нивото на шверц. Во некои од развиените земји во Европа се движи од 12 до 13% од вкупниот обем на продажба на цигари. Во Македонија, во 2005 година тоа ниво беше 6%.

Наметнатите давачки, ќе ви кажам и со бројки, доведоа до поголем шверц во Македонија и разликата во цени на цигарите што се јавува меѓу Македонија и соседството е еден од главните услови за зголемувањето на шверцот со цигари во Република Македонија. Затоа јас и тогаш бев против зголемени давачки и сега сум против. Министерот вети дека од наредната година тоа веројатно ќе го нема, ќе ги укине тие давачки.

Господине министре да ви кажам дека ние во ЛДП веќе имаме подготвено закон, овие денови ќе го добиете па сакате нашиот закон да се усвои, сакате вие предложете, тоа е најмалку важно.

Но, сега ќе ви кажам нешто со бројки за шверцот на цигарите.

Во Република Македонија се воведе новиот начин на плаќање на давачки во 1996 година, со пресметување на акцизи. Од таа година, секоја година растеше бројот на продадени оданочени цигари во Република Македонија. Во 1996, 1997 и 1998 година да стигне некаде до 3.000.900.000 денари, продадени и оданочени цигари. Од 1999 година до 2002 година, или се намалува бројот на оданочени цигари, или стагнира, а направете си пресметка кој кога бил министер за финансии. Од 2002 година наваму постојано расте бројот на оданочени цигари во Република Македонија. Во 2005 година достигнува до 4,5 милијарди оданочени цигари во Република Македонија. Тоа покажува дека во тој период драстично беше намален шверцот на цигари, или пак, ако сакате со бројки.

Во 2002 година министер за финансии беше господин Никола Груевски. За јануари-септември собрани од акцизи на цигари се 1.673.000.000 денари.

Во 2006 година кога велите дека е најголем шверцот на цигари за периодот јануари-септември, собрани се 2.270.000.000 денари од акцизи на цигари. Тоа е некаде за 2,2% повеќе од минатата година, а 7,1% помал од планираните. Нормално, ќе кажете дека е повисока акцизата. Точно, тоа е една од причините. Но, бројката на оданочени цигари во 2005 година, од 4,5 милијарди е многу поголема од 3. 000.900.000 цигари оданочени во 2002 година. Затоа да не зборуваме многу кога бил шверцот и каков бил. Бројките тоа најдобро го покажуваат.

Би било паметно од следната година нашите давачки за цигарите да не бидат поголеми од цигарите во соседството. Тоа е една од причините за шверцот.

Ќе завршам со следното:

Од Буџетот оваа Влада ќе обезбеди некаде 60 до 70 милиони денари за премии во цигарите, односно на тутунопроизводителите, додека останатите ги обезбедуваат пушачите во Република Македонија. Затоа кога имате 6.000.000.000 вишок на приходи, не е никаков проблем за да се обезбеди по 30 денари премија за тутунопроизводителите односно да ги намалите тие средства од опрема, мебел и возила и од разни трансфери каде што ги криете тие трошоци, тие пари да ги вратите на тутунопроизводителите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Оливер Дерковски.

**Оливер Дерковски:** Кратка реплика господине претседателе, во интерес на времето, само за едно надополнување на господинот Најдовски.

Парите можеа лесно да се обезбедат, доколку Тутунски комбинат-Прилеп и неговиот менаџерски тим ги уплатеше 160-те милиони денари неплатена акциза што требаше да ги уплати и тогаш ќе немавме вакви проблеми и расправии во Парламентот. Ќе беа исплатени на оние на кои им следуваат.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за Најдовски Слободан.

**Слободан Најдовски:** Господине Дерковски само да напоменам.

Во 2003 година, тогашниот директор на Тутунскиот комбинат-Прилеп кој беше од таа претходна гарнитура, од 1998 до 2002 година, заради тоа што зборував за сите неправилности кои се во тутунската индустрија, дури со закани се јавуваше.

Јас сега повторно ќе ви кажам, секој оној кој се огрешил кон законот, од мене нема поддршка и за секој кој се огрешил кон законот покренете постапка и јас ќе ве поддржам, доколку во тоа сте исправни. Немојте во едно да бидете сигурни. Нема да штитам ни еден криминалец. Така што, за секого што мислите дека е поднесена пријава, јас во овој момент за никого не можам да кажам ништо додека нема релевантни аргументи, а тоа го кажува судот, но верувајте дека ни еден нема да поддржам. Еве и ако ги должел тие 160.000.000., ќе ги земете. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да седнат на своите места, а службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата имаме 55 пратеници.

Давам пет минути пауза да сес соберат пратениците во салата, да го изгласаме амандманот, па ќе дадам пауза за ручек.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, за гласале 10, воздржани нема, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 14001 Програма 3, Потпрограма 30, ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 потпрограма 2 ставка 464, поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова.

Пауза за ручек до 15,10 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,13 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Пред да продолжиме со амандманската расправа, токму затоа што се работи за амандманска расправа за што е потребно обврзно присуство на 61 пратеник, молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Продолжението на Дванаесеттата седница го закажувам за утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,17 часот)